СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 октомври 1993 година

Скопје, октомври 1993 година

**IV-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 67-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4. X. 1993 година**

<u>Дискутанти</u>:

1. АНДОВ СТОЈАН – 36, 37
2. АЛИУ ХАМИД - 5
3. АПОСТОЛОВСКИ НИКОЛА – 5, 36
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 56
5. АЛИУ ЕШТРЕФ - 71
6. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 88, 92
7. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 28
8. ГОШЕВ ТУШЕ – 8, 24
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 29
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 59, 65
11. ИВАНОВ ИВАН – 19, 32
12. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 78
13. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА – 13, 20
14. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН – 74, 81, 83, 84, 87
15. МАНЕВ ЕФТИМ - 22
16. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 1, 83 (води седница)
17. МИНОВ ПАНЧО – 2, 12, 31
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 60, 61
19. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 44
20. ПОПОВСКИ ДИМИТАР – 37, 58
21. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ – 40, 80, 90, 92
22. ПЕТРОВ ТОДОР – 41, 48, 61, 95, 97
23. СЕЛМАН НЕИМ - 16
24. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 27, 34
25. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 51, 53
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 53, 60, 70, 76
27. ТАИРИ ЏЕЛИЛ – 4, 41
28. СПИРОВСКИ ИГОР – 66 (чита список)
29. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 43
30. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – 45, 50, 59, 62
31. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ – 80, 86, 88, 89, 94, 96, 98 (зам. Мин. за земј.)

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Четвртото продолжение на Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 октомври 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници со почеток во 12 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа..

Пратениците Симеон Ивановски, Флоре Масалковски, Душко Горѓески и Фаик Абди ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа онаму каде што застанавме минатиот пат.

Амандманот за менување на член 47 поднесен од пратеникот Панчо Минов го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (22 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 47 поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (43 пратеници)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласањето? (5)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделско земјиште.

Минуваме на **точка 30** - Предлог за донесување на закон за стопанисување со станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката, со Предлог на закон.

Предлогот за донесувањето на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам и ЗПК Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувани пратеници,- почитувано претседателство, по однос на причините за донесување на овој закон што се однесуваат на укинување на СИЗ-овското уредување во становањето како еден вид операционализација на Уставот на РМ како и прилагодувањето на пазарното стопанисување со станбениот и деловниот фонд сметам дека има причини за донесување на истиот. Меѓутоа, содржински предлогот на овој закон фактички протежира подржавување со стопанисувањето на станбениот и деловниот простор во една форма преку утврдување на надлежности во име на таа иста држава Република Македонија на јавно претпријатие.

I/3.-

Концепциски не се согласувам со било кој вид на централизирање односно подржавување меѓу другото и во оваа област, станбениот и деловен простор. Сметам дека е понеекономично, понерационално во оваа сфера стопанисувањето што претпоставува управување располагање и користење на станбениот и деловен простор да се врши централизирано, да се врши во името на државата отколку истото да се врши децентрализирано по општини.

Исто така не е точно тоа што предлагачот, Владата, зборува дека се работи за необемен и несложен закон. Напротив, се работи за многу сложен закон, а примери за тоа се следните: не треба повеќе да се кажува, само да се потенцира дека фактички се врши пренесување на сопственоста на деловниот и станбениот простор со кој меѓу другото досега стопанисувале односно управувале општините. Со одредба од овој закон кој се предлага, потенцирам, по скратена постапка, фактички целото управување на станбениот и деловниот простор кој досега се управувал по општините без никаква консултација на истите, и ќе потенцирам без утврдување на било каква инстанца на надлежност на општините во однос на управувањето со користењето и располагањето со тој исти нивни станбен и деловен простор во самиот закон се врши истото пренесување на ниво на јавно претпријатие. п Мислам дека во најмала рака треба овој закон да оди во сите фази односно по истиот да се утврди и нацрт на закон, да се распише јавна расправа и да се инсистира од самиот предлагач, да се инсистира изјаснување на собранијата на општините како локална самоуправа.

Исто така одредени други решенија во самиот закон значат преку формата на донесувањето на овој закон кој има единствена цел укинување на СИЗ-овското организирање во становањето да се протури еден хибрид односно -во надлежностите на идното јавно претпријатие да се определи надлежност за уредување и употреба односно користење на градежното земјиште.

Тоа не е предмет и не треба да биде предмет на уредување со овој закон затоа што за истото има посебен материјален закон, тоа е законот за градежното земјиште и друго е прашањето и согласно Уставот, а и како природен карактер и карактер на таа дејност уредување и употреба на градежно земјиште следува истото да биде во функција и надлежност на општините како локална самоуправа и нивна основна функција. Од тој аспект концепциски содржајно не се согласувам со ваква содржина на законот. Со тоа фактички се врши централизирање во управувањето со станбениот и деловниот простор. Мене лично и на мојата пратеничка група како либерална партија секој вид подржавување не е својствено и Ие е наша програмска определба. / Во таа смисла со таква содржина не се согласувам и немам причина со таква содржина да се носи овој закон или во најмала рака предлагам истиот да се донесе во три фази односно во редовна постапка, со утврдување на нацрт по истиот.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас да не го повторам господин Минов, јас во потполност ја прифаќам неговата дискусија и со оглед на тоа дека ова е осетлива материја сметам дека овој закон треба да се носи во редовна процедура. Во редовна процедура треба да се носи од причини што општинските собранија не се консултирани по однос на овој имот и со цел тоа да се преуреди на тој начин и тие да дадат свој дорпинос околу уредување на ова прашање, сметам дека тоа треба да оди таа постапка.

Во крајна линија и одборниците треба да го кажат својот збор од причини што веќе како такви веќе постојат. Ние тогаш не требаше ни да вршиме нови избори за одборници, туку само за пратеници, а во крајна линија овие немаат ни што да расправаат, во конкретниов случај не

можат да дадат збор ни за имотот кој бил сопственост на општините. Факт е тоа дека и со овој закон се врши централизација на односите во Републиката и затоа предлагам овој закон да се донесе во редовна процедура.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, јас сум приморан да повторам од првата точка на оваа седница да го повторам законот за продажба на деловниот фонд заедно со овој закон за стопанисување со деловниот фонд и станбени згради. Ќе беше многу посимпатично и ќе имаше појасен преглед ако во овој закон имавме ние преглед со што диспонираа таканаречените СИЗ-ови со деловниот фонд и станбениот фонд. Зошто го поставувам ова прашање? Затоа што ако го земеме во практичниот дел тоа со што диспонираат практично ќе \ за/ дојдеме дека со законот денационализација дека сите СИЗ-ови општински па и републички нека бидат, односно сега јавни претпријатија што ќе бидат нема да имаат ништо свое, затоа што имаат исклучиво стопанисување со згради односно имаат и други изворни средства, а деловниот Фонд се знае како го стекнувале. Па прашувам, колку е површината во реален смисол на овој фонд од деловен аспект.

Благодарам.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, Предлогот за донесување на закон за стопанисување со станбениот и деловниот фонд јас мислам дека е неминовност и треба да се донесе, меѓутоа не вака како што е даден, како што претходните дискутанти спомнаа може да оди во редовна процедура или најмалку во две фази, од проста причина што овде имаме некои сеуште нерасчистени работи во станбениот и деловниот фонд, а исто така и во однос на уредувањето на градежното земјиште. Имено, СИЗ-овите што ги имаме по општините тие правно ми

се чини не постојат се некаде од 1991 година со законот за градежно земјиште, меѓутоа формално сеуште ги имаме. Кога спомнувам дека формално сеуште го имаме со овој Предлог на закон сметам дека ингеренциите кои што ги има и дава овој закон остануваат исти како што ги имаа и СИЗ-овите. Што би значело, ако и понатака имаме едно СИЗ-овско работење што не би требало тоа истото да се повтори. Меѓутоа, ако погледнеме во некои одредени членови на самиот предлог на закон ќе видиме дека има помешана сопственост на деловниот и станбениот фонд. И мене уште во првиот член на самиот закон таму имаме спомнато дека и деловните згради и деловниот простор остануваат во јавното претпријатие па независно како тие се стекнати. Имено, оние деловни згради и простории кои што се стекнати со давање на претходните сега мислам дека се сопственост на СИЗ-овите, односно сопственост на локалната самоуправа бидејќи таа локална самоуправа од нешто треба да живее, а овие средства се добиени сосема по друг основ.

Исто така овде е дадено и уредувањето на градежното земјиште, па сега се прашуваме каков е тој закон кога пак градежното земјиште им се дава на управување а со тоа останува на истото, СИЗ-овско. Тогаш што би станало со; самата локална самоуправа, имено овдека имаме доцентрализирање на самата власт, односно тука јавното претпријатие кое што се јавува од форма на една републичка институција која кажува таму како и што да се работи во самите јавни претпријатија кои се во општината. Фактички централизација на власта, а не распределеност во однос на овие деловни-(згради и простории со тоа што сметам дека има потреба во две најмалку, а можеби во три фази со тоа што СИЗ-овите да бидат запознати со овој материјал, тие сами по себе да се произнесат и

да видиме уште многу недоследности кои што ќе се јават затоа што вака донесено сигурно дека ќе наидеме на доста големи проблеми,а на прв поглед погледанато законот е многу краток и едноставно, а во пракса сигурно ќе доживее една катастрофална последица со тоа што не ќе може во целост да се спроведе.

Апелирам овој предлог на закон да оди во три фази.

Благодарам.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани дами и господа пратеници, уште со уставните амандмани и со Уставот на Република Македонија, кога го напуштивме самоуправното здружување и социјалистичкото стопанисување, дефакто самоуправните интересни заедници го изгубија и материјалниот кредибилитет да постојат во Уставот на Република Македонија. Од тоа произлегува и потребата од престанување на важење на Законот за самоуправни интересни заедници за становање, со кој беше утврдена обврската за основање на вакви заедници, со што се создава можноста субјектите што задолжително го здружија станбениот и деловниот простор и на кој имаат право на располагање сега самостојно да одлучуваат за прашања на; одржување, стопанисување и управување со истиот.

Исто така, со престанувањето на важењето на Законот за самоуправните интересни заедници за становање се овозможува воспоставување на нов институционален облик за одржување, стопанисување и управување со станбениот и деловниот простор на Република Македонија. Овие промени се условени со потребата од започнатиот процес на трансформирање на општествената сопственост и нејзино претворање во други облици на сопственост, а тоа е приватната и државната сопственост.

Затоа што не станува збор ниту за сложен ниту за обемен закон, ниту за закон кој сака материјално да уреди некои односи, туку станува збор за еден организационен закон, сметам дека во излагањето на пратениците материјално, мериторно се промашува расправата и се почесто се тежнее да се каже дека станува збор за еден материјален закон. Станува збор за еден организационен закон кој сака да ги уреди односите, а материјално не да ги расчисти односите на сопственост меѓу општината, Републиката и другите граѓани кои имаат право на тој дел од

сопственост. Ако го прочитате членот 1 со кој дефакто се кажува материјалната основа на законот, законот има тежнение да ја уреди материјата што сака да ја уреди, вие веднаш можете да забележите дека станува збор за еден организационен закон, а не станува збор за еден материјален закон. Ако сакате да ги расчистувате имотно – правните односи меѓу Републиката и општината, членот 2 јасно и ноторно покажува за што станува збор. Член 2: За начинот на вршењето на работите на стопанисувањето и одржувањето на станбените згради, станови, деловни згради и деловни простории што во самоуправните интересни заедници на стопанисување ги здружиле организациите на здружениот труд, (претпријатијата) и други организации и заедници, општествено - политичките заедници - се мисли на општините кои сеуште имале статус на општествено - политичка заедница и други општествено-правни лица - сега се подведува локалната заедница како општествено - правно лице - самостојно одлучуваат овие со овие. Тоа значи дека општината доколку сака да му ги довери на стопанисување на јавното претпријатие својот деловен простор со кој таа располага, таа ќе направи договор и ќе ги уреди своите односи. Никако не станува збор за национализирање ниту менување на обликот на тој дел од сопственоста. Тој закон е комплементарен и поврзан со законот за продажба на деловниот простор, тој е во една логична целина со овој закон, овој е само за уредување на односите, затоа што ако донесовме нов Устав, останавме на старите институции кои дефакто значат поттикнување на негативните тенденции во развивањето на тоа општество и на еден скриен начин дефакто го дерогираме Уставот на Република Македонија да биде највисок акт во државата.

II/3.-

Ако појдеме од членот 6 во рок од една година дека бевме должни да ги усогласиме сите закони со Уставот на Република Македонија, не итно, туку најитно треба тоа да го уредиме, овие институции кои се надвор од Уставот на Република Македонија да добијат соодветна организациона форма.

Се почесто се покренува прашањето за употреба и уредување на градежно земјиште. Во членот 6 се дадени надлежностите на јавното претпријатие, уредувањето и употребата на градежното земјиште е употребено само во оперативна смисла. Материјалното уредување на материјата се врши со Законот за градежно земјиште. Законот за градежно земјиште го дефинира и уредувањето и употребата на градежно земјиште. На општината како локална заедница, како локална самоуправа никој не може да и ги одземе правата, согласно член 114 и 115 од Уставот на Република Македонија, каде е надлежна за уредувањето на тој простор. Тоа ќе го прави таа со донесувањето на програми, а не со вработување на мајстори кои треба да го изведуваат тоа уредување на градежно земјиште. А тоа значи дека со програмите' кои ќе ги донесуваат општините сами ќе одлучуваат како и на кој начин ќе ја уредуваат таа работа. Јавното претпријатие тоа уредување ќе го врши во оперативна смисла, ќе плаќа служби итн., кои треба оперативно да се изведат во таа работа.

Што се однесува До употребата на градежното земјиште, употребата на градежното земјиште е чист фискал во државата, тоа е данок кој секој треба да го плати зашто го употребува тоа земјиште и во Република Македонија тоа е крајно неуредено прашање. Неуредено е затоа што сите општини во Републиката денес не наплаќаат употреба на градежно земјиште. Некаде имаме со решение, се донесува и на приговор на тоа решение немаме сега второстепен орган кој треба да го решава тоа прашање. Ако појдеме од членот 68 алинеја 3 на Уставот

на Република Македонија, само Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки во државата, а тоа како јавна давачка Собранието ќе го уреди со свој акт.

Оттука, сметам дека Законот нема никаква материјална ос- нова за да му пречи за донесувањето, да ги уреди тие односи за кои беше расправано, сметам само во организациона смисла да ги надминеме оние институции кои веќе немаат материјален кредибилитет во Уставот на Република Македонија, а тоа е укинувањето на самоуправните интересни заедници. Имотно - правните прашања меѓу општината и Републиката, не станува збор да го уредува тоа прашање, членот 2 тоа јасно го кажува, ако општината сака да заклучи договор за стопанисување со тоа јавно претпријатие, ќе го направи, ако не таа сама може да стопанисува и решава.

Оттука, сметам дека не станува збор ниту за некој сложен закон ниту за еден материјален закон кој треба да оди во постапка, а согласно Уставот на Република Македонија и членот 6 од Уставот, каде Собранието беше должно да ги укине сите закони и да донесе нови законски прописи, со кои ќе го усогласи работењето согласно Уставот на Република Македонија, сметаме дека треба тоа да се направи под итно, затоа што Законот е испратен во март месец и имаше силна расправа со самоуправните интересни заедници. Јас сметам дека сме усогласени со самоуправните интересни заедници и немаме никакви проблеми во врска со основањето на тоа претпријатие и одлагањето на донесувањето на овој закон и со роковите кои се дадени за конституирање на тоа јавно претпријатие би направиле дури уште една година, што мислам дека негативно и крајно штетно може да се одрази во врска со располагањето на тој имот.

Од тие причини му предлагам на Собранието, согласно членот 316 од Уставот на Република Македонија, да го разгледа и прифати

законот како организационен закон, а никако како материјален закон кој треба да ги разреши тие околности.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Панче Минов.

Морам да кажам дека господинот министер воопшто не ме задоволи со оперирањето со аргументите во однос на потребата од донесувањето на овој закон и во постапката која што се предлага. Се образложува дека не се работи за материјален закон, туку за организационен закон. Јас мислам дека воопшто не е така и би го прашал господинот министер дали е само организационен статусен,закон тоа што досегашното управување со станбениот и деловниот фонд го имаше Републиката и ќе потенцирам во поголем дел општините сега со овој закон преку формата на укинуваше на СИЗ-овите за становање се прогласува како државна сопственост на Република Македонија. Од тоа поматеријален закон јас не можам да согледам.

Втората аргументација, кога се вели дека и во уредувањето на комуналното земјиште и неговата употреба се работи само за организационо утврдување на надлежноста, јас ќе го потсетам господинот министер дека во постојниот Закон за градежно земјиште, член 27, кој се предлага да се укине со овој закон, што е инаку правнички неприродна работа со еден закон да се укинува одредба од друг закон, таму децидно стои дека начинот на организирање и спроведување на комуналното уредување и употребата на градежното земјиште е функција и надлежност на општината. Со овој закон тоа се укинува. Ако тоа не е материјална работа, тогаш се прогласува само оперативно организациона, јас тогаш не знам што е.

II/6.-

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

И по третата аргументација во однос на употребата на градежното земјиште, досега употребата на градежното земјиште немаше третман на јавна давачка и таа се утврдуваше по шареноликост на одлуки на собранијата на општините. Фактички сега со овој закон таа се утврдува како јавна давачка и се воведува од страна на Република Македонија. Мислам дека и тоа е една новина и нова надлежност на Републиката во однос на досегашното практикување, би рекол, а употребата и користењето на градежното земјиште беше функција и надлежност на општината.

Затоа, инсистирав овој закон да се донесе во редовна постапка, а не во скратена постапка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор госпоѓа Биљана Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, некако Владата како да се навикна кога ќе се донесе законот на дневен ред и кога некој од пратениците ќе стопира во обратна смисла, кога не се задоволни од текстот на законот, да апелираме на тоа дека ние во рок од една година требаше да си ги извршиме уставните задачи, т.е. да ги донесеме овие закони, па во било која форма.

Ние на Комисијата го разгледувавме овој закон, бидејќи овој закон предизвика голем интерес како кај сегашните самоуправни интересни заедници, така и кај општините во градовите, односно идните локални самоуправи. На Комисијата разгледувајќи го законот заклучивме дека треба да се донесе ваков закон, дури и со жал констатиравме дека Предлогот на закон кој што беше доставен од претходната Влада, кој содржеше само три точки со кои се укинуваат СИЗ-овите и со кои

Министерството, односно Владата преземаат обврска да го уредат ова прашање, констатиравме дека е веќе задоцнето и дека се што се случуваше за овие две години во СИЗ-овите за становање и за деловниот простор има своја позадина.

Инаку, што се однесува до законот најголемо интересирање секако предизвика членот 6 во кој што претпоследната одредба е уредување и употреба на градежно земјиште во Републиката. Ние се согласивме дека ова не е само организациона поставеност на СИЗ-овите, туку дека е тоа вистинска материјална поставеност и дека го разгледува и тоа прашање и сакавме децидно одредување дали уредувањето и употребата на градежното земјиште, кое во Уставот не е дефинирано, туку е оставено како отворено прашање, каде што се вели дека локалната самоуправа ќе добие задачи кои ќе и ги довери државата во оваа област, сега гледајќи го Законот за локална самоуправа кој што е предложен во Собранието, исто така е оставено отворено. Таму нема децидно дека уредувањето и употребата на градежното земјиште оди во локалната самоуправа или оди во државата, или се уредува централизирано од државата. Мене ме плаши токму ова што ова прашање не е дефинирано. Уредувањето и употребата на градежното земјиште донесува огромни средства со кои досега стопанисувала општината, а со овој закон, по мое мислење, како што јас го разбирам законот со овие средства ќе управува државата. Но кога го запрашавме министерот како тоа ќе се регулира, тој објасни дека тоа ќе се регулира на посебни жиро сметки и секое јавно претпријатие ќе си има статус на правно лице со посебна жиро сметка и средствата ќе останувaат во општината. Тоа беше поддржано од сите во Комисијата, бидејќи на тој начин се добива еднолично уредување на градежното земјиште на цела Република Македонија и ние сметавме дека тоа е исправно. Со тоа што ќе се оформеше жиро сметка и со тоа што средствата ќе можеше директно општината да си ги употребува од таа

жиро сметка, се задоволуваат сите барања и недоразбирања што претходно ги имав- ме односно што претходно ги имаше и со претседателите на општините и со СИЗ-овите за становање.

Понатаму, едно големо недоразбирање предизвика и оној фамозен член во Законот за уредување на градежното земјиште кој што дозволуваше во општините да се оформат органи, односно јавно претпријатие за уредување на градежното земјиште. Со амандманите што беа дадени во нашата комисија, за да нема шареноликост, затоа што во половина општини во Република Македонија се оформија вакви претпријатија, т.е. органи за уредување на градежното земјиште при општината а во останатите градови не се оформени вакви јавни претпријатија, ние дадовме амандман со кој се дополнува Предлогот на законот со кој што се преземаат сите органи кои се оформени на ниво на Македонија со ова јавно претпријатие, за да не се јави повторно недоразбирање ш различно третирање на употребата и користењето на градежното земјиште.

Како што сум информирана, на Законодавно - правната; комисија, амандманите3кои што ги поддржа претставникот на Владата не биле поддржани, јас ќе го замолам претставникот на Владата да објасни дали амандманите сеуште важат односно дали се од Владата прифатени или не.

Исто така уште една забелешка, во членот 18 каде што се вели: "Правата, обврските, одговорностите, опремата, инвентарот и другите работи, архива, документација, средства за работа и средства на фондови, простории, како и средства за станбена изградба и за надоместоци на станбените субвенции во областа на становањето, станбениот и деловниот простор на Република Македонија се пренесуваат на јавното претпријатие врз основа на завршен биланс на

самоуправната; интересна заедница на становањето, односно врз основа на делбен биланс со основните општествени претпријатија за уредување и изградба на станбен и деловен простор, градежно земјиште и друго според попис кој ќе го изврши Комисија за попис формирана од Влада- та на Република Македонија во рок од" - еден празен простор - "влегувањето во сила на овој закон". Амандмански предлагавме да се регулира овој рок со 60 дена од влегување во сила на овој закон но министерот кажа, по кратка консултација со Владата, писмено ќе ги извести сите пратеници дека овој бланко формулар т.е. оваа бланко линија нема да остане така празна, туку Владата ќе се изјасни и ќе го пополни Законот со оваа празнина.

Исто така во член 21 на крајот каде што кажува - "со денот на влегувањето во сила кои закони престануваат да важат" беше кажано дека доста паушално е дадено за едно вакво значајно прашање за нашата Република, кои закони и кои членови од кои закони престануваат да важат дека се дадени на крај - "како и соодветни од- редби од Законот за права, обврски -и одговорности на републичките органи во поглед на средствата во општествена сопственост што тие ги користат".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Неим Селмани.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, во правото има едно правило - што се криво раѓа време не исправа. Според тоа, ние ваквите грешки ги направивме уште тогаш кога дозволивме да се формираат јавните претпријатија од СИЗ-овите за јавни претпријатија и со тоа практично им дозволивме тие јавни претпријатија да манипулираат со продажба на ваков деловен простор. Свесен сум за тоа дека ние тешко можеме да ја спречиме оваа состојба,

затоа што тие со закон имаат право да манипулираат со овој деловен простор, меѓутоа, очигледно на некого му се брза што побрзо да се донесе овој закон. Тоа се прави заради тоа што според законот, точно не се сеќавам според кој член, но та- му стои дека предимство за купување на ваков деловен простор ќе имаат оние сопственици, односно корисници кои во последната година биле на користење. Според тоа, ако е тоа така тогаш е јасно дека предимство за купување ќе имаат само оние кои го имале под наем деловниот простор. Според тоа, таму е направен распоред кој треба да го земе ваквиот деловен простор.

Исто така, сметам дека овој закон треба да се одложи и да оди во редовна постапка, и поради тоа што е блиску поврзан со Законот за трансформација на капиталот. Ако овој деловен простор е изграден своевремено на некоја површина, сметам дека на еден начин ќе треба да се врати на сопствениците, можеме барем во текот на постапката за продавање на ваквиот деловен простор да имаат предимство на купување, од причина што овој деловен простор досега и се користеше во поранешните СИЗ-ови за реализација на планот, а на овој начин со продажба, така што иако е јавно претпријатие ќе го осиромашиме СИЗ-от, и покрај тоа што СИЗ-от ги зема заради уредување на градот. Оттука, мислам дека овој закон е доста суптилен и треба да оди во редовна постапка и покрај тоа што сум свесен дека не ќе можеме многу од ова да спасиме, но не мораме да им удоволиме право на тие што бараат во оваа фаза. Нека се почека законот за трансформација на капиталот, па оттаму ќе видиме што може да се спаси и од тоа да се врати на првите сопственици, а не во оваа фаза каде очигледно со овој деловен простор има поединци кои нарочно имаат организирано после една година, реков и претходно дека веќе го имаат тоа организирано кој треба да го користи деловниот простор.

II/11.-

Го поддржувам излагањето на претходните дискутанти и предлагам Законот да оди во редовна постапка. Инаку ќе направиме грев ако денес одлучиме овој закон да биде усвоен во овој Парламент.

III/1.-дв/јс

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас се јавив за дискусија повеќе за да дадам поддршка на делот од излагањата кои одеа во смисла на едно порационално и подалекусежно согледување на проблематиката што треба да ја регулира овој закон.

Најпрвин јас ценам дека регулирањето на односите со овој закон дека е нужност и од тие причини го поддржувам предлогот за донесувањето на законот. Меѓутоа, како што беше и кажано на дел од претходните пратеници и мое мислење е дека понудените решенија не се рационални и како такви јас исто така не ги поддржувам и мислам дека во тој дел нужно е работите малку посуштествено да се изанализираат а преку тоа да се понудат и порационални решенија. Од тие причини денес, како што е насочено Законот да го усвоиме по скратена односно по итна постапка, да раправаме веќе и по

Предлогот на законот, мое лично убедување е дека ќе направиме сериозни грешки. Од тие причини се залагам донесувањето на овој закон да оди во редовна постапка, барем во две фази, а со тоа и на предлагачот а и на Собранието да му се дадат можности за едно поопстојно согледување на понудените решенија и изнаоѓање на решенија кои ќе бидат далеку порационални. Во тој дел, посебно смета што веќе со новата поставеност и државност се пријде повеќе права кои во општините биле стекнувани од страна на граѓаните во изминатите 45 години веднаш да се пренесат на поедини институции во Републиката, а преку тоа и одлучувањето и правата да се концентрираат во едни тесни кругови а сведоци сме за поедини вакви решенија кои беа усвоени кои создаваат негодувања а предизвикуваат и сериозни проблеми во секојдневниот живот. Така да, и прашањето со станбениот простор и

управувањето со овој имот преку ноќ да се пренесе на едно јавно претпријатие со концентрација на правата и надлежностите, како што беше веќе и од претходните дискутанти речено, не е ова одредено организационо прашање. Напротив тоа е едно прашање од материјална сфера со изземање на одредени права или пренесување на одредени права.

За жал, кога зборуваме за рационализација во Законот најмалку се приоѓа на тоа каква улога досега одигра досегашната поставеност на сизовите или на овие општински претпријатија и што во тој дел може заради рационализацијата и заштедата на трошоците и на тој станбен денар во тој дел да се направат квалитетни подобрувања. За жал, со решенијата ова прашање задржува статус-кво. Тоа значи целокупната структура што постои во делот на општините ќе помине како подрачни единици на јавните претпријатија со што на некој начин работите се само подифицираат, а во тој дел суштински иако мотото на концентрацијата на одлучувањето и на управувањето божем е да дојде до рационализација, тоа нешто не е и постигнато. Од тие причини сметам дека понудените решенија за мене се неприфатливи и заради изнаоѓање на посоодветни решенија предлагам редовна постапка на донесувањето на овој закон.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас се извинувам што се јавувам веднаш едно по друго двапати но сакам да се допрецизирам бидејќи не го кажав мојот личен став за овој закон. Гледам дека повеќе постои расположение овој закон да оди во две фази затоа што сме немале време да го гледаме. Ве молам па ние овој закон сме го добиле во март о.г., а за овој закон се зборува веќе три

години уште од 1991 година кога со уставните амандмани престана да важи постоењето на сизовите за становање. Ние овој закон требаше да го донесеме како уставна обврска на ова собрание. Може да зборуваме за текстот на законот, може амандмански да дејствуваме на текстот на законот. Ние од март го имаме дадено дека ќе оди во кратка процедура. Не е тоа измислено да оди по кратка процедура на денешниот ден.

Јас сметам дека овој закон еднаш треба да се донесе а кој има забелешки може на текстот на Законот да дава забелешки, како што се има многу амандмани. Кажавме дека клучната работа беше уредувањето и употребата на градежното земјиште. Тоа е проблемот. На некого можеби не му е познато дека сизовите за становање во општините не можат веќе да егзистираат. Тој имот пропаѓа, а за овие две години додека не е донесен овој закон се направени многу 4 малверзации со делењето на општествените простори и општествените станови. Ако некој има уште интерес да се тоа продолжи на веќе исцрпените сизови тоа е веќе друго. Јас сметам дека овој закон треба да се донесе во ваква постапка каква што е даден. Ние имавме време имаше и јавна расправа по овој закон, па знаеме претседателите на градовите како реагираат баш за уредувањето на градежното земјиште. Знаеме како ние очекувавме да биде тоа решено во локалната самоуправа. Но, јас изразив жалење и еве пак ќе апелирам до министерот во Законот за локална самоуправа да се издефинира уредувањето на градежното земјиште, дали останува во општината или ќе се води преку државата, затоа што последниот став од членот 6 е клучот на овој закон. Ако тоа не важи веќе јас имам тогаш посебно мислење за овој закон, бидејќи го гледав Законот за локална самоуправа а таму се дава можност истото тоа да биде и во склад на општината.

Исто така кога расправавме во една начелна расправа по Законот за урбанизации и уредување на просторот од Министерството за градежништво и урбанизам преку заменикот министер добивме мислење дека тоа министерство е навистина уредувањето на градежното земјиште барем дел од него да се изведува заедно или барем паралелно, заедно со просторното планирање. Така да ние имаме голем интерес за оваа проблематика која што вистина донесува добри средства, и ќе донесува и во државата. Уредувањето во надлежното земјиште да се дефинира, или ќе оди во овој закон или ќе оди Законот за локална самоуправа, или пак ќе биде нешто друго. Не знам до каде е сега Законот за просторно планирање каде што се велеше дека и таму имаме дел од уредување на градежно земјиште. Затоа сметам дека оваа проблематика која е многу битна во оваа фаза не треба да ја одложуваме, затоа што ние три години зборуваме за овој проблем.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, го делам мислењето со оние пратеници кои сметаат дека овој закон треба да оди во две фази. Тоа : го правам од следните причини.

Бидејќи за оваа материја во процедура на 67-та седница имаме два закони. Едниот закон е за продажба на деловни згради и деловни простории, а овој закон ги уредува односите, како што кажа министерот. Но, сепак овој закон како што го носи насловот, Закон за стопанисување со деловни простории и згради нешто укажува на подолго. Првиот закон укажува дека тие деловни згради и деловни простории треба да се продадат, а овој закон укажува дека ова треба да функционира. Стопанисување е ова. Од тие причини мене ми се чини дека Владата треба уште еднаш да го разгледа со овие укажувања, нема да биде

којзнае колку доцна. Ако ние доцниме две години и повеќе со решавањето на сизовите за станбени односи и деловни простории кои досега работат спротивно на Уставот, но сепак физички постојат и работат, мене ми се чини дека за еден месец нема ништо да се изгуби. Многу закони на нас не ни се усогласени со Уставот, но тоа е тоа. Ние од тоа не можеме да бегаме.

Сега со овие забелешки и со овие опкружувања ако застанеме толку цврсто дека треба да го донесеме овој закон ја решивме оваа материја. Мене ми се чини дека пак ќе се излажеме.

Кои се причините што овој закон треба да оди во две фази;

Едната причина е како што кажав ако формираме јавно претпријатие, тоа јавно претпријатие треба да функционира подолг временски период, а истиот закон му дава таква можност, што тоа претпријатие бидејќи стопанисува веројатно тоа ќе гради нови згради. Ние кажавме дека Македонија е социјална држава. Веројатно дел од тој станбен фонд ќе остане- и понатаму во државата. Кој е тој дел во овој закон, не е тоа разработено. Кој дел ќе се продаде, дали се ќе се продаде по однос на Законот за деловни згради и простории.

Ако тоа се заврши за година или две, тогаш престанува ова јавно претпријатие. Ако е таква концепцијата и замислата на предлагачот на законот тогаш ми се чини дека воопшто не е потребно да се прави такво јавно претпријатие со овој закон, туку таа работа може да ја заврши агенцијата која што е предвидена веќе со Законот за трансформација на општествениот капитал или некоја друга:.. Од тие причини сметам дека е неминовно овие забелешки и укажувања да ги разгледа Владата уште малку да го поразработи овој закон, веројатно за месец дена тој би дошол во процедура на Собрание и законот ќе биде донесен.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Еве се јавувам по втор пат да дадам некои објаснувања. Јa поддржувам г-ѓата Лазаревска што правилно го има сфатено законот и мислам дека правилно го насочи проблемот.

Што се однесува до имотот на општината не станува збор. Имотот си останува во општината таа да располага.

Согласно уставните амандмани од 57 до 80 каде општината го изгуби значењето како општествено - политичка заедница, ги изгуби и органите на Управата, а тоа значи ние членот 27 го укинуваме само, кај организации кои ја извршуваат таа работа, да помине во јавното претпријатие. Тука е целата суштина. Грижата на пратениците, општината да не остане без имот е неоснован. Членот 2 од самиот закон кажува: "во колку општината сака да направи договор со јавното претпријатие ,тоа да стопанисува и располага под тие услови како ќе го направат тој договор".

Се покренува прашањето за градежното земјиште, за уредувањето и потребата на градежното земјиште. Овој закон е организационен закон и не го решава тоа прашање, туку тоа прашање го решава Законот за градежно земјиште.

Ако го погледнете членот 21, поточно за измена и дополна на членот 39 вели: "уредување на градежно земјиште се врши со програма. Програмата од став први на овој член ја донесува Собранието на општината врз основа на урбанистички план, а по претходна согласност на републичкиот орган на управата надлежен за работите на урбанизмот во делот на неговата надлежност".

Во членот 22, поточно измени и дополнувања на член 41 се менува и гласи: "уредувањето на градежно земјиште се финансира од средства остварени од неговото доделување, од,надоместоците за уредување

односно за употреба на градежно земјиште,од средствата на комуналните организации, средства од самопридонеси и други средства. Средствата од став 1 на овој член се утврдуваат со програми". Значи Собранието на општината фактички ја утврдува цената на вистинските трошоци на уредување на градежно земјиште. Ако го погледнете членот 19 во врска со членот 37 последниот став вели: "средствата што се остваруваат од доделеното градежно земјиште се приход на Републиката а се користат за надоместување на трошоците за уредување на градежното земјиште во општината каде што се остваруваат". Тоа значи дека со Законот за градежно земјиште сите приходи остварени од доделувањето на градежно земјиште и од употреба на градежно земјиште се приход на општината каде и што се остварени. Оттука само во организационата и операциона смисла претпријатието правејќи на потсметки на подрачни единици на општините точно ќе кажува во која општина ќе се направат колку пари, а материјално Републиката се откажала од тие средства во Законот за градежно земјиште каде е и регулирано прашањето. Оттука сметам дека нема нејасни прашања во врска со тие приходи кои општината треба да ги има од уредувањето и од употребата на градежно земјиште.

Јас стојам и на тоа дека, бидејќи СИЗ-овите за становање повеќе не можат да избираат органи на управување во самата интересна заедница да формираат собранија, да формираат органи кои управуваат со СИЗ-овите,тие де-факто повеќе и не можат да функционираат како СИЗ-ови. Сега оставам Собранието само да процени, политички да донесе одлука, дали ќе дозволиме уште две години институции кои не можат ни со Устав ни со Закон ниту да се регенерираат, да им се дозволи и натаму да располагаат со тој огромен имот од 277 илјади метри квадратни купопродажен простор со кој располага Републиката и со тој дел од станови или Собранието ќе се определи со овој органи-

зационен закон да воспостави ред и да ги надмине тие негативни појави кои се јавуваа во врска со функционирањето на СИЗ-овите. Јас пак стојам на тоа дека Законот е само организационен закон а не материјален закон кој треба да уреди одредени прашања. Оттука предлагам Собранието да го разгледа предлогот за донесување на закон и да го уважи предлогот на закон.

IV/1.- СС-ВБ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека по Предлогот за донесување на законот за стопанисување со станови, со станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката, со Предлог на закон, на некој начин се појави двоумие, и тоа е добро односно да имаме две различни мислења по однос на тоа во колку фази треба да се донесе овој закон или пак како што е предложено да се донесе во некој вид скратена постапка односно дури со итност.

Меѓутоа, точно е тоа дека овој закон е ставен во процедура во март месец 1993 година. Јас не ги знам причините зошто до сега на седница на ова Собрание не е, меѓутоа очигледно е "дека, како што кажав, постои двоумие. Јас сум еден од тие што исто така ги поддржувам оние предлагачи кои предложија овој закон најмалку да оди во две фази., односно во редовна процедура, затоа што и кај мене во членот 1, членот 2 и членот 6 исто така се појавија некои двоумења, па заедно со господинот Томислав Стефковски како втор потписник поднесовме два амандмани што токму се однесуваат на членот 1 и членот 6, односно ги третираат, ја третираат онаа проблематика што до сега од поедини пратеници во ова Собрание беше изнесена, а тоа е што е со стопанисување со сопственоста, би ја нарекол така, на единиците на локалната самоуправа, затоа што има некои нелогичности.

Ако ги погледнете членот 1 и членот 2 иако министерот добро објасни, меѓутоа, зошто ако знаеме дека средствата во тие бивши СИЗ-ови односно самоуправните интересни заедници се здружуваат во основа на взаемност и солидарност. Значи, неоспорно е правото единиците на локалната самоуправа да имаат своја сопственост, па оттука јас не верувам дека некој би дал со неговата сопственост некој друг да располага односно да управува, да стопанисува во овој случај.

IV/2.-

Затоа нашето амандманско реагирање со господинот Стефковски, кој, за жал не е тука затоа што тој како координатор и поголемиот број пратеници на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ имаат една богата четиридневна меѓународна активност, исто така би кажал дека слушајќи размислувања од веќе две пратенички групи, од Пратеничката група на ПДП-НДП и Пратеничката група на Либералната партија, а во функција тука очигледно со нашите амандмани е и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, не гледам причина зошто не би се прифатил предлогот на господинот Минов и повеќе други пратеници, овој закон да оди во редован постапка, односно еве, мојот предлог е во најмалку две фази, односно ова да го третираме како нацрт и следната фаза да биде предлог на закон.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ги поддржувам заложбите законот да оди под итна постапка од следниве причини:

Некој овде рече дека Законот е даден во постапка во март месец. Точно дека е даден во март месец и мислам дека не постои орган и институција, институции со кои не е вршен контакт и со кои не е дискутирано по овој закон.

Мислам дека отпорите што се јавија не се од СИЗ-овите бидејќи СИЗ-ови веќе не постојат, собранија на СИЗ-овите веќе не постојат, управни одбори, извршни одбори веќе не постојат, постојат стручните служби што вршат услуги за СИЗ-овите. Целокупниот отпор што се јавува за донесување и итноста на овој закон е токму од овие служби што сега се без контрола. Не ги контролира никој, ниту локалната самоуправа, ниту државата.

Сметам дека само со донесување на овој закон што ќе направиме таа дејност да ја ставиме под некоја контрола дека ќе направиме добро. Сметам дека сите заложби што беа овде се во интерес на заштита на бившите стручни служби, а не за заштита на оваа дејност.

Второ, зошто сум да се донесе по итна постапка? Затоа што треба,а да не оди паралелно со законот за продажба на деловен простор, ние треба да ја формираме оваа организација, таа да биде способна и подготвена, кога ќе дојде законот за деловен простор да го стави веднаш во функција. Не тогаш да се конституира и оваа организација, да изгубиме уште 6 месеци за нејзиното конституирање и формирање. Знаеме колку е потребно време за тоа.

Мислам дека не постои двоумење за овој закон, двоумие како што некој кажа, туку постојат отпори за донесување, односно постојат отпори за трансформација и недонесување на овој закон,, така што недонесувањето сметам дека ќе ги продолжи состојбите, т.е. неконтролата и работењето онака како што е сега од страна само на стручните служби на бившите СИЗ-ови.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека во основа е поместена или промашена дискусијата на повеќе пратеници, дискутанти, а пред се и на добри познавачи на Деловникот како што беше претходниот Стоиле Стојков, па Панчо Минов и Ефтим Манев.

Претседателот добро отвори расправа по Предлогот за донесување на закон. Во оваа фаза треба да утврдиме дали има потреба дали доведува до надградба на правниот систем и дали во основа начелата се во согласност со Уставот и правниот систем.

IV/4.-

Како известител на ЗПК извештајот Ви е доставен, ве известувам дека ЗПК утврди дека има потреба од донесување на овој закон, доведува до надградба на правниот систем и начелата што се уредуваат со овој закон се во согласност со Уставот. Доколку го утврдиме тоа, а бидејќи главната основа на претходниот дискутант беше дали и во која фаза да се донесува, мораме, кога ќе го донесеме тој заклучок претседателот, ние веќе преминуваме во основа, одиме на другата фаза.

Одиме на фазата во која претседавачот прашува – дали на оваа седница да се расправа и по Предлогот на законот? За да можеме да одлучиме тогаш претставникот на Владата кој се впушти во ваква дискусија, ќе каже кои се причините да бараме да се носи по скратена постапка. Тогаш ниту една комисија, иако се дискутираше доста на ЗПК не може да му сугерира на Парламентот во која фаза. Парламентарците и групите одлучуваат. Тогаш можеме да водиме расправа дали и во која фаза. Односно, после овие голем број на дискусии, доколку се утврди дека нема потреба односно не даваат причини да го разгледуваме и Предлогот на закон, тоа е беспредметно. Голем број на дискусии. Во основа, доколку преминеме по општиот претрес и по посебниот претрес, се она што беше речено во однос на титуларот на членот 2, оние кои добро ги познаваат тие односи, сигурно ќе ги расчистиме во тие фази. Фазите на уредување, на употреба на градската рента се тогаш ќе уредиме бидејќи има амандмани.

Мислам дека, "кога ќе ја завршиме оваа фаза и почнеме да работиме согласно на Деловникот, оние луѓе кои во долг период го имаа овој закон како предмет на работа, ќе можеме по ред да ги расчистиме и да донесеме онаков закон каков што е најдобар за Републикава, за државата и субјектите што стопанисуваат.

IV/5.-

Затоа предлагам да почнеме по тој ред како би можеле и амандмански и по општиот и по посебниот претрес да работиме.

Инаку, мој став, го кажав на ЗПК е дека во оваа фаза има потреба и доведува до надградба на правниот систем, како и начелата во основа што ја регулираат оваа материја се во согласност со Уставот.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувани пратеници, мене ми е жал но исто време и мило што по однос на ова прашање испаѓа дека комуницирам со аргументи со министерот

Она што тој го читаше овде, одредби од закон, се работи за Закон за градежно земјиште. Овде донесуваме сосема друг закон. Кога ќе биде предмет на расправа и одлучување Законот за градежно земјиште тогаш ќе следува и таа аргументација од Законот за градежно земјиште. И, она што упорно се инсистира дека не се работи за материјален туку за организационен закон, не случајно во тој закон е кажано дека средствата за комунално уредување таму каде што се - остваруваат таму и се реализираат. Ако господинот министер кој се повикува и прогласува дека се работи за организационен закон само го уредува тоа во содржината на законот и каже дека надлежноста на јавното претпријатие ќе биде организирање и координирање на комуналното уредување и употреба или каде што вели во средствата на јавното претпријатие каже дека средствата се на јавното претпријатие, но ќе се користат по општините каде што се остваруваат, веднаш со двете раце, барем што се однесува за мене. Но, се работи според мене за формата на, ко бајаги организационен закон што ја одредува само надлежноста, се протурува навистина материјална содржина и пренесување на фактичка надлежност.

IV/6.-

Повторувам, ако навистина така мисли господинот министер дека, како што аргументира во уведувањето тука дека навистина само се работи за организација, дека на ниво на Република треба да се координираат тие работи, дека средствата пак ќе се реализираат во општините, нека го формулира, тој е предлагач, нека го напише тоа и по содржината на самиот текст на закон сега многу поинаку е поместено. Ако така биде тоа веќе квалитетно ја менува и вистинската надлежност и во однос на комуналното уредување и употреба на градежно земјиште и во однос на средствата од него.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Се извинувам што по вторпат се јавувам за збор,меѓутоа од пеодините искажувања што беа кажани од страна на надлежниот ресорен министер како и делот од дискусиите створа повод уште еднаш да објасна дел од моите размислувања што беа изнесени во делот на мојата дискусија.

Најпрво, кога станува збор за начинот на донесување на закон, потполно се согласувам дека усвоивме дневен ред и во него е утврдено што треба да расправаме по оваа точка. Меѓутоа, поаѓајќи од тоа мое лично убедување, дека понудените решенија се нерационални, од тие причини се залагав дека треба да обрнеме внимание на постапка- та на донесувањето понатаму на законот. Едно да се расправа по амандмани, а друго да се расправа по концепциско решение. Од тие причини за мене понуденото решение во Законот како такво е неприфатливо, а тоа значи треба да даде простор за негово посуштествено дефинирање.

IV/7.-

Кога го зборувам ова, веднаш се поврзувам и со размислувањата изнесени на господинот министер кој зборува за организациони прашања и се друго. Како може да зборуваме за организациони прашања дека опфаќа овој закон кога членот 6 зборува за предметот на! работа на јавното претпријатие каде што непосредно ги утврдува материјално сите поединости со кои ова претпријатие во иднина ќе се бави.

Членот 12 непосредно зборува кои се средствата со кои ќе располага јавното претпријатие. Според тоа, не е организационен елемент туку е суштествен, материјален елемент.

Или, во членот 18 каде што кажува за постапката за пренесување на средствата, попис, формирање на комисија и се друго. ' Очигледно дека се работи за суштинска промена, ние велиме во делот на решенијата на Уставот, една суштинска промена она што го„имаше до сега како право општината, сега сето тоа се пренесува во делот . на републичките институции аг и концентрацијата на власта и средствата. Со тоа и мултиплицирање на начинот на реализацијата ~на правата на граѓаните во остварувањето на ова значајно, битно прашање. А, велиме, ако општината ако не ги регулира прашањата со живеењето, со уредувањето на просторот, тогаш што ќе уредува? Тогаш кој е позаинтересиран за поквалитетно регулирање на овие прашања - граѓаните и општината пред се. Од друга страна, се укажува и се брани донесувањето на законот поради низата слабости што постојат во оваа област. Надлежноста Министерство нека ги постави на дневен ред кои се тие злоупотреби направени во општината заради што се предлага итноста и дајте тие слабости да земеме да ги отстраниме и предизвикувачите на слабостите да ги казниме за тие работи. Ние, што ќе направиме, тие истите ќе ги трансформираме, ќе ги пренесеме веќе во нова републичка структура, јавно претпријатие на деловни единици. Тоа значи сето она што тежи во сегашниот момент и што е слабост ќе го покриеме со донесувањето на законот.

IV/8.-

Според тоа, кое е убедувањето и кој е аргументот дека сета оваа работа треба да ја направиме на брзина и на еден ваков начин. Апсолутно сум за тие слабости што се направени во општината да видиме кој погрешил во таа работа, каде се слабостите каде се нерационалностите и да понудиме соодветни решенија за отстранување на тие работи. Впрочем, моите залагања и на останатите колеги кои беа на еден ваков дослух беа токму со една ваква намера, да дојдеме до порационални и подобри решенија, а грешките што се појавиле како такви да ги отстраниме.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, очигледно дека, да повторам, има двоумење околу овој закон. Затоа е најдобро како што господинот Гештаковски, пратеник од СДС на Македонија инаку мој добар пријател да кажам вака пред говорницава, еден од многуте малку пратеници од СДС со кого човек може секогаш да најде ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте, ве молам, на темата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека очигледно е дека процедурата односно деловничката одредба во однос на донесување на вакви закони по скратена постапка или по итна постапка, како сакате да кажете, е таа.

Затоа сите ние што излеговме овде дискутиравме да кажеме во однос на потребата за донесување на овој закон. Неспорно дека кај сите пратеници, јас не слушнав некој да каже дека нема потреба од донесување на овој закон. Значи, тој услов е исполнет.

IV/9.-

Тоа е првиот услов и сите ние овде се согласуваме дека има потреба од донесување на еден ваков закон.

Втора работа е, меѓутоа, двоумењето во колку фази да оди, дали да оди вака како што е предложено или не. ВО ред е, процедурата е понатаму, претседателот ќе даде - дали сте господа пратеници на оваа седница да се разгледа и Предлогот на законот, односно онаа последна фаза, текстот итн., очигледно е дека има потреба од донесување на овој закон, меѓутоа јас како што гледам повеќето пратеници се за една редовна постапка. Во тоа е суштината. Мислам дека би требале да ја завршиме дискусијата, да не губиме време понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон.

На Собранието му предлагам да го донесе следниот заклучок: '

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за, стопанисување со станбениот и деловниот фонд со кој располага Републиката.

Кој е за, молам да крене рака? (53 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (3 пратеници)

Значи, 56 пратеници. Ве молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Информиран сум дека во салата се присутни 65 пратеници, значи дека некој не гласал.

IV/10.-

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (29 пратеници)

Констатирам дека овој предлог не е усвоен и не можеме да одиме сега на усвојување на предлогот на текстот.

Молам, заклучокот е усвоен да се донесе закон. Затоа предлагам дополнителен заклучок поради исходот на ова гласање, кој гласи:

1. Собранието ја задолжува Владата да подготви Предлог на закон, така беа и предлозите, да оди во две фази, видете, јас ■ не ја следев целата расправа, секретарот ми кажува дека имало еден предлог за нацрт. Тој предлог го дал господинот Апостоловски.

Ако господинот Апостоловски останува на тој предлог јас треба да го изнесам сега како еден од предлозите овде.

Дали останувате на тоа или го повлекувате.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Јас бев да биде најмалку во две фази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, инаку ми рекоа,. дека сте предложиле нацрт.

Во ред е, во тој случај предлагам заклучок:

1. Собранието ја задолжува Владата да подготви текст на предлог на закон и да го достави до Собранието.

2. При изготвувањето да ги користи сите укажувања што беа овде на претресот дадени и извештаите на комисиите и работните тела што го гледале досегашниот текст.

**СТОЈАН АНДВО**: (продолжение)

3. Предлагам како дополнителен заклучок Собранието, службите на Собранието да ги достават извештаите на работните тела и сите предлози и сугестии кои беа дадени овде до Владата за да може да постапи по тоа,

Кој е за овие два заклучока молам да крене рака? (56)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање ? (1)

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци .

Минуваме на **точката 31** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Законодавно правната комисија и Комисијата за труд и социјална политика ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам кој бара збор?

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници излегова да продискутирам за оваа точка бидејќи не ми е јасно зошто покрај три заклучоци- на Собранието на РМ (од 7 јуни 1991 год, од 21 мај 1992 год, и 12 јули 1993 година), каде што е заклучено дека за оваа материја треба да се изготви нов закон, затоа што постојниот закон е од 1986 година, овде ни се нудат сега само измени и дополнувања на постојниот закон кој што не носи крајно решение за оваа чувствителна проблематика.

Јас сум за тоа на оваа седница на Собранието да постапиме според трите заклучока на ова Собрание. Значи, да бараме да се изготви нов закон со нов пречистен текст, а не постојниот да се дополнува бидејќи создава забуна.

Еве зошто. Прво затоа што се работи за измени кои всушност имаат тежина на еден нов закон, а не треба да се дозволи вака парцијално да се третираат и да се усвојуваат. Се бришат целосно одредбите за лотарија на Македонија и се воведува тотална слобода во приредувањето на игрите на среќа, кое води кон хаос и криминал и е бес преседан во модерните држави. Сите европски држави / и западни и источни, без исклучок имаат државни лотарии. Во секој случај се отвораат дилеми кои треба да се решат низ поинаква процедура предвидена за донесување на закон, а не за измена и дополнување на постојниот закон.

Понатаму, важечкиот закон за игри на среќа е од 1987 година, досега се извршени бројни измени и дополнувања и веќе е тешко во него да се снајдат и експерти. Од таму се налага потребата од нов закон а не од натамошни измени и дополнувања на постојниот. Од тие причини, а по повод усвојувањето на годишните извештаи на Советот на лотарија на Македонија за 19 91 , 199 2 година, што ги поднесе до Парламентот едногласно се усвоени заклучоците од ова Собрание со кои се бара Владата на РМ да подготви и на Собранието да му достави нов текст на закон за игри на среќа во кој ќе бидат вградени решенија соодветни на новонастанатите општествено - економски услови. Тој заклучок е донесен на 9 јули 1993 година. Значи, две години изричито се бара нов закон а не се бара измени и дополнувања на постојниот закон.

Понатаму, конечно измените што сега се предлагаат се во коалиција со законот за приватизација, кој е системски закон бидејќи во

него на приредувачот на игрите на среќа, значи Лотарија на Македонија не им се дозволува приватизација, според членот 3 од тој закон што директно е изразен државниот интерес не само за приредувањето на игрите за среќа туку и за приредувачот, во случајот Лотарија на Македонија низ која впрочем се врши и општествено влијание во димензионирањето на игрите и прибирањето и распределувањето на средствата од игрите на среќа. Евентуалното усвојување на поинакви законски решенија од оваа област неминовно треба да се синхронизира и со статусот на Лотарија на Македонија, со едновремени решенија во случај секој да може да .се бави со приредување на игри на среќа и Лотарија на Македонија да може да се приватизира, бидејќи нема никаква смисла Лотарија да биде државна или јавно претпријатие ако државата не застане зад неа. Навистина има пресуда од Уставниот суд со која се укинати некои монополски одредби за лотарија на Македонија, но станува збор за одредби од едно друго време, од тогашната терминологија и поставеност на усогласеност со новите услови. Во секој случај со евентуалното прифаќање на пред» ложените измени само се зголемува конфузијата во областа на игрите ( на среќа и лесно може да се случи набрзина да се повлече потез со многукратно негативни последици по државата, се разбира и особено за непосредните корисници на средствата што од игрите на среќа ги остварува Лотарија на Македонија. Тоа се хуманитарните организации спортските организации, народна техника, црвениот крст, и финансирање на научно истражувачки проекти и рекреативни проекти на Младината на РМ. Од тие причини мислам дека се прилично силни овие причини, се залагам Собранието да го почитува својот три пати донесен закон, да не се усвојуваат и да не се разгледуваат измени и дополнување, туку имаше Владата можност 2 години да изготви нов текст на законот..

V/4

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа мојата дискусија дијаметрално ќе биде спротивна на колегата Поповски поради следното.

Во глава IV од Уставот, точка 4 која ги регулира економските основи, член 55 став 2 вели: "Републиката обезбедува еднакви права и положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Став III - слободите на пазарот и предприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката .

Второ, зачувување на природата, животната средина 4 и здравјето на луѓето". Значи одредбите се многу децидни во кој случај има исклучок од монополскиот однос.

Понатаму, член 11 од постојниот закон, кој е предмет сега на измени, после став 1 после точка 1 и 2 во став 2 вели: "за приредување игри на среќа од лотарија на Македонија не е потребно одобрение освен за посебните игри на среќа. Самото ова укажува на тоа дека со постојниот закон кој се тежи да се штити на некој начин односно да се пролонгира неговата важност овде има јасна тенденција да се продолжи монополскиот однос на одделни организации во случајот Лотарија на Македонија. Иако по мене требаше да биде по дециден и конкретен текстот на новиот член 11, после првиот став треба да се додаде друг став во кој ќе се укине став 2 од предметниот закон. Овде мислам дека има и други работи во прашање, можеби одредени партии користат некои бенефиции од Лотарија на Македонија, но крајно време е веќе на ова да се стави крај и да се усвои овој закон по итна постапка. Впрочем, и вака се касни и ако и понатаму се продолжи со цел да се донесе нов

закон, или да се донесе во две фази, тоа значи и понатаму монополски да се третира Лотарија на Македонија.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе кажам накратко со оглед на тоа што претходните дискутанти кажаа околу овој предлог. Јас само ќе додадам дека предлогот на новиот текст, членот 11 не е прецизно дефиниран, а и останатите членови во однос на носителите. Кои се тие носители кој што можат да обавуваат ваква дејност.

Факт е и тоа дека досега лотарија на Македонија имаше монополска положба во Републиката и 'сметам дека тој монопол треба 7 да се разбие во духот и на Уставот и на сите други односи што ќе се градат во иднина.

Исто така факт е дека ние имаме добар увид во овој материјал,. што се менува и што се предлага да се менува. За тоа воведовме пракса која што навистина од изводот на одредбите од законот што е тука има еден чекор напред во однос на изнаоѓање на решенијата за решавање на оваа проблематика. Значи, доста членови од "стариот закон овде се бришат и можеме да имаме добар увид во оваа проблематика. Лично сметам дека истиот треба да се прифати со тоа што не е целосно до крај изнајдено решение околу оваа проблематика, меѓутоа ова еден чекор напред за што сметам дека во иднина треба да се догради во смисла на новите односи што ќе се градат во Републиката.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мое лично мислење е дека законот не би требало да се прифати во форма во која што е понуден- Предлог изменување на законот за игри на среќа и забавните игри на автомати, пред се заради тоа што и Комисијата за финансирање и буџет на ова Собрание повеќе пати има расправано за состојбите во приредувањето на игрите на среќа и забавните игри на автомати, меѓутоа не од причина за да не се

регулираат прашањата во согласност со одредбите од Уставот за регулирањето на оваа област, туку напротив да се регулираат со еден целосен законски проект кој што ќе биде одраз на уставните решенија на Уставот на РМ.

За мене лично не е прифатливо решението што се нуди во овој предлог за донесување на закон пред се во членот 6, со кој што главата 8 Лотарија на Македонија и членовите од 47 до 59 се бришат. Иако во образложението Владата вели дека во согласност со Законот за претпријатија Лотарија на Македонија во законски пропишаниот рок се трансформира во општествено претпријатие тоа не значи дека државата на ваков елегантен начин треба да се откаже од основачките и сопственичките права на претпријатија кои што ги основала државата со закон или со друг пропис. На ист начин и јавното претпријатие Нова Македонија се пререгистрира во општествено претпријатие, на ист начин сега се предлага елегантно откажување од основачките и сопственичките права над имотот на Лотарија на Македонија, основано со овој закон, за кој што сега треба да расправаме, огромен општествен односно државен капитал се прелева на начин и постапка што за мене е несфатливо, во сопственост на субјекти кои утре или друг ден во овој нов статусен облик - општествено претпријатие, многу елегантно по законот за претпријатие или по некој друг законски проект би можеле да се перигистрираат во акционерски друштва и тој капитал да го приватизираат. Затоа сметам дека не спротивно на одредбите од уставот, или на суспендирање на регулирање на односите во оваа област, во согласност и со уставните решенија за рамноправна позиција и на сите субјекти на пазарот, па и во оваа област, за приредување на игрите на среќа Владата за мене лично непримерно го пролонгира барањето и заклучокот на ова Собрание и Комисијата за финансирање и буџет да понуди еден законски текст со кој целосно ќе се регулираат овие прашања за да може ова Собрание да

донесе еден целосен закон за игрите на среќа и забавни игри на автомати. Особено што и во членот 2 се употребува формулација "Секретаријат за финансии", што не кореспондира со уставната позиција на министерствата и нивните подрачни единици во општините и од тие причини сметам дека до колку би се прифатил ваквиот закон само би се легализирала една состојба на активности што си ги превзеде Владата за издавање решение и за организирање игри на среќа на приредувачи како самостојни, физички лица, граѓани и на ваков начин со членот 7 само таа постапка досега што е спроведувана надвор од законските решенија на позитивниот закон за игри на среќа се легализира. Сметам дека би требало Владата да предложи во што побрз рок целосен текст на закон со кој нема така лесно и едноставно да се откажува државата од сопственичките, основачките права на Лотарија на Македонија, а и во кој ќе може целосно да бидат регулирани прашањата за видовите, условите, начинот на приредувањето и игри на среќа и на забавни игри на автомати, како и за статусот на Лотарија на Македонија. Затоа лично не би гласал за донесувањето на овој закон со кој се менуваат одредени суштински одредби од законот за игри на среќа, туку Собранието да донесе еден заклучок, да ја задолжи Владата во што побрз рок да го предложи законот за игри на среќа и забавни игри на автомати.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас се согласувам во целост со дискусиите на господинот Поповски и господин Петров. Дел од дискусијата со која се произнесе господинот Петров сакав и јас да го кажам, затоа што сум член на Комисијата на финансирање и буџет и ние редовно сме на тоа мислење, три години даваме предлог за донесување на закон за игри на среќа и на забавните игри, а во што е суштината што не се носи еден

генерален закон и самиот јас не знам. Основно е, како што еден господин рече тука дека има некои злоупотреби или бенефиции од Лотарија на Македонија. Она што досега како извештаи три ги доставувала Комисијата за финансирање и буџет, а Лотарија на Македонија толку принципиелно се однесува во однос на онаа категорија давачки што ги има кон одредени хуманитарни организации и досега не сме ставиле ниедна забелешка на Лотарија на Македонија. Не можеме. да зборуваме, а и самите господа од Лотарија на Македонија очекуваат еден таков генерален закон и предлогот што го даде господинот Петров во целост се согласувам да се донесе по итна постапка еден закон за Лотарија на Македонија.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, сметам дека предлогот за изменување н законот за игри на среќа и забавни игри ан автомати што ни го предлага Владата во својата суштина коинцидира со одредени лични интереси на поединци во Владата и Парламентот а се со цел за стекнување одредена лична корист.

Сметам дека треба поставеноста на државната лотарија да се коенцидира со поставеноста во сите држави со долги демократски традиции. Во сите тие држави сите добро знаеме дека државната лотарија е во рацете на државата, дека е тоа најдобар извоз на полнење на буџетот на државата, а факт е дека , тоа можеме да го видиме сите, особено во соседна Италија, дека има многубројни илегални обложувачници за игри на среќа, за фудбалското првенство итн. Значи, ниедна држава така лесно не се откажува од овие државни коцкарници од причини што тука на најдобар начин се полни буџетската каса. Затоа пред- лагам, она што го кажа и пратеникот Петров

VI/1.-ПЈ/НД

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:** (Продолжение)

... со еден комплетно нов законски проект да се регулираат односите во оваа сфера, зашто за мене ова што се нуди сега, претставува класичен грабеж на општествениот имот. Бидејќи знаеме сопственик и основач на имотот на лотаријата е државата и ние како пратеници немаме право да се откажеме од тој имот. Предлагам она што го нуди Владата да го отфрлиме и да донесеме заклучок во блиска иднина да ни се понуди комплетно нов законски проект, со кој ќе се решат проблемите и статусот на организациите во оваа сфера.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ: '**

Почитувани пратеници, поготово одредени искажувања да бидат изнесени овде и да звучат убедливо, дава фактот што овој закон Владата го има испратено пред ова Собрание во април оваа година. Сакав тоа да се има предвид,а го разгледуваме во октомври. Фактот дека е проблематична проодноста на предлозите за донесување на закони од страна на Владата во Собранието, предизвикува бројни проблеми во функционирањето на системот. Нужноста да се пристапи кон измена и дополнување на овој закон, постојниот во време кога ги имаме предвид и заклучоците на ова Собрание за донесување на нов системски закон, ја наметна одлуката на Уставаниот суд на Македонија. Образложението изнесено од господинот Поповски дека одлуката на Уставниот суд на Македонија од едно друго време и со друга терминологија не држи, затоа што таа одлука без оглед каква е сега е на сила. Таа е со терминологија на постојниот устав на Македонија. Според тоа, отпаѓа. Отпаѓа аргументот дека со ова ќе овозможиме грабеж на општествениот имот со кој располага постојната Лотарија на Македонија од причини што

При донесувањето на Законот за приватизација со посебен член забранета е приватизацијата во оваа организација, се додека не се реши односно ова Собра- ние не реши на поинаков начин. Бидејќи во постојниот закон Лотарија на Македонија како прередувач, монополски приредувач на среќа, на игри на среќа со одлука на Уставниот суд е укинат создаден е еден ваков, во кој сега Владата, Министерството за финансии, државата со еден збор се наоѓа во една правна невозможна ситуација. Не можеме да им издадеме, а не издаваме ниту мислиме да издаваме масовно дозволи, ниту мислиме да издаваме на субјекти кои ги исполнуваат условите поради овие постојни одредби на законот.

Владата ги има предвид заклучоците за донесување нов системски закон за игрите на среќа, меѓутоа Вас господа пратеници ви е познато дека во претходниот период во текот на оваа година пред оваа Влада од областа на финансиите, даноците и слични области се испратени бројни закони кои Владата сметала дека имаат предност пред овој закон. Тоа се законите за даночниот систем, законите за даночната администрација кои како што ви е познато се во собраниска процедура и се донесуваат. Ве уверувам дека и овој закон е во интензивна подготовка и наскоро ќе биде утврден од Владата и испратен до Собранието. Меѓутоа, имајќи предвид дека немаме гаранција, прво, ќе< помине еден или два месеци додека дефинитивно да се направи, па да се разгледа, имајќи ја предвид судбината и на сите досегашни закони дека не се исклучува можноста и таа процедура да трае долго, а оваа моментална состојба не е одржлива, ние ги предложивме овие измени. Фактот дека овој приредувач на игри на среќа се изедначува со истите и државата добива ингеренции воопшто не ја доведува во прашање позицијата на постојната организација како приредувач на игри на среќа. Таа ќе може исто и натаму како и другите со тоа што и други субјекти во оваа држава,

доколку ги исполнуваат пропишаните услови< кои се во законот во целокупниот текст на законот, а овде во прилог ги имате само одредбите кои се менуваат , така ќе функционира во овој период.

Второ, можам да ве потсетам дека Лотарија на Македонија онака како што е конципирана во постојниот закон, анахроно е понатаму да делува со совет од Сојузот на борците, од Сојузот на младината, од Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, од Собранието итн.

Трето приходите што се остваруваат во оваа дејност, даноците и давачките, согласно определбите на ова Собрание за реформа целосно на даночниот систем со оваа измена се овозможува целосно да поминуваат и да станат приходи на Буџетот, да се изедначуваат во давачките, како што гледате имаме и таква одредба и сите,корисници досегашни на овие средства што лотаријата била должна да ги доделува се истовремено и корисници на Буџетот, па ќе можат истите средства да дојдат во Буџетот и да бидат наменети на ист начин на тие субјекти кои се корисници на Буџетот. Со ова сакам да потенцирам дека не се само овде случаите туку сите можни државни приходи, кои досега биле насочени за одредени намени, согласно новиот концепт на даночниот систем ќе се престанат и ќе се донесат во Буџетот и од Буџетот ќе бидат наменети, затоа што со тоа државата токму овој Парламент обезбедува контрола на циркулацијата на сите државни средства, затоа што Буџетот го донесува ова Собрание. До колку и натаму дозволуваме со прописите разни приходи, кои не одат низ каналите што ги контролира Владата и Парламентот, можни се и појави што сега ги имаме присутни, па во тој смисол не гледам ниедна причина, ве молам од дадените образложенија за одлагаше, донесување на овој закон, иако од април не успеа да влезе на дневен ред. Значи, може да не се решаваат сите проблеми, туку само може да значи чекор напред, со

тоа што ветувам дека Владата ќе го работи ќе го предложи и ќе го донесе пред Собранието и новиот целосен закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Дури и со изјавата на министерот за финансии дадена пред малку од оваа говорница ми стана јасно дека Владата на подготовки на нов законски проект досега воопшто ништо не работела. Ќе ни треба еден или два) месеци да го направиме новиот закон,па да влезе во процедура на Собранието. Па, нам во Комисијата за финансии устата пена ни фати три години, барајќи нов закон. Можеби министерот е нов, меѓутоа. администрацијата е иста во тоа министерство. Јас не знам зошто постапката не била ажурирана за да во овој Парламент до сега и во овој временски период, па и од кога е дојдена новата Влада ни -се понуди целосен законски проект, кој ќе ги регулира прашањата од областа на приредувањето на игра на среќа и за забавните игри.

Тоа е едно.

Второ, едно е прашање на изедначување на условите на стопанисување, па и во сферата на приредувањето на игрите на среќа за сите субјекти во Согласност со Уставот и измените или одлуките на Уставниот суд во овој закон, меѓутоа, друго е прашањето на основачките и сопственичките права на субјект кои го основала државата. Затоа, сметам со овој закон односно со овој Предлог за изменување во членот б со кој се брише целата глава за Лотарија на Македонија и членовите од 47 до 59 воопшто е неприфатливо, заради тоа што на тој начин државата за една монополска организација, која до степен на сопственост над

средства за производство го достигнала до овој момент, не може така елегантно преку еден член во Предлог за изменување и да кажеме државата се откажува, се пререгистрира во општествено претпријатие ова и иако со законот за трансформација постапка-а на приватизација е одложена, меѓутоа, тоа не значи дека утре тие што се таму вработени нема да можат по некои правила на игра што ќе се утврдат во некој дополнителен законски проект да го приватизира, со што државата во целиот тој имот се откажува. А тоа што има одредби во Законот, конкретно за Лотарија на Македонија, што и ние во Комисијата за финансираше и буџет често пати го поставувавме како е можно да функционира органот на управување кога е составен од субјекти кои немаат веќе никаква основа од постоење и не постојат, тоа е друго прашање што Владата требаше што поитно и досега да ни го предложи во форма на закон за да се измени структурата на органот на управување и да се каже дека во Лотарија на Македонија како еден, задоволувајќи ги можеби одлуките на Уставниот суд, еден од субјектите кои работат за приредување на игри на среќа и за забавни игри, си постои, затоа што постоела и ја основала оваа држава. Затоа, сметам дека нема никаква основа сите тие одредби да се избришат од овој закон, заради тоа што игрите на среќа, забавните игри на среќа досега се организираа преку таа Лотарија на Македонија. Фактички, постојниот закон за игри на среќа и забавни игри на автомати беше дефакто закон за Лотарија на Македонија. Сега одеднаш она што е содржина на тој закон кој го менуваме се откажуваме целосно за да задоволиме некоја форма на рамноправност на субјекти утврдена по основ на Уставот и Одлуката на Уставниот суд за да сите рамноправно ја извршуваат. А и - ние не сме против таа рамноправност на било кого во остварувањето на дејноста од оваа област приредување игри на среќа, меѓутоа не може така едноставно државата да се откаже од тој систем, кој е основата на целата содржина на постојниот закон на игри на среќа и забавни игри на

автомати. Ние со тие трансформации и игри, наша неажурност во регулирањето на областите на многу системи кои беа основани од државата ни се трансформира во општествени претпријатија, па подоцна во акционерски друштва без да водиме сметка за капиталот, основачкиот влог и основачки- те и сопственичките права на државата, за да сега создаваме и во целиот процес на трансформацијата на капиталот, па и во поглед на Лотарија на Македонија една заблуда во јавноста. Тоа е подржавување, национализација и ги лажеме луѓето дека за да не поддржавуваме, ќе приватизираме. Сметам дека државата, барем од ова претпријатие чиј основач е, независно од пререгистрацијата, пререгистрација може и да се поништи во надлежниот регистер и судство и го води регистарот Собранието да не го прифати овој предлог за изменување и дополнување, а да ја задолжиме Владата, како што можеше преку ноќ многу други посодржински закони со кои се дефинира политичкиот систем на државата да ни ги предлага, да ги ангажира преку саботата и неделата сите вработени и да ни предложат веќе од понеделник еден нов закон кој ова Собрание ќе го гледа, за да ги регулира сите прашања во областа на приредувањето на игрите на среќа и на забавните игри.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Настапот на одредени пратеници како членови на Комисијата за финансирање и буџет може да се стекне погрешен впечаток дека Комисијата има поинаков став. Заклучок на Комисијата е да му предложи на Собранието да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и да го донесе законот за изменување на Законот за игрите на среќа и забавните игри на автомати, иако долго време се расправаше на Комисија. Молам, ние да повторам, да еден или

VI/7.-

два месеци, прашање о на време е кога, можам јас овде и да тврдам за еден месец ќе дојде, меѓутоа, бидејќи уште не е пратен текстот во комисиите на Владата, па на Влада и на Парламент, имајќи предвид дека од овој предлог на закон стои овде од април, ние исто така немаме гаранција дека колку може, дали некој може да гарантира дека тој закон за колку време дефинитивно може да се реши. А сега одлуката на Уставниот суд создава проблеми во третирањето на субјектите кои сакаат и ги исполнуваат условите да се бават со оваа дејност. При тоа пак нагласувам, сигурно е дека државата исто така, ќе води сметка за тие услови и за издавање на тие дозволи. Не е вистина дека мотивот е од лична природа итн. Мислам дека се тие неодмерени изјави.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпога Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, очигледно мислењата на пооделни членови на Комисијата за финансирање и буџет еволуирале од денот кога имавме седница до денеска, инаку да кажам дека на седницата на Комисијата сите членови кои што беа присутни, меѓу другите и дел од дискутантите што сега се произнесоа беа за прифаќање на овој закон. Инаку должна сум да кажам и тоа дека ние во неколку наврати, со гледањето на годишните извештаи на Лотарија на Македонија, секогаш на Собранието му понудувавме заклучок дека во оваа област треба што поскоро да се донесе нов закон, кој ќе ги регулира целосно односите во приредувањето на игрите на среќа. Инаку еве вака ќе го прочитам и заклучокот на Комисијата по повод овој закон кој што гласи: "Комисијата укажа дека овие измени се само најнеопходни во моментот а целосни односно системски решенија во областа. на. при- редувањето на игрите на среќа потребно е што поскоро Владата на Република Македонија да изготви нов закон и истиот да му го достави на Собранието со самото тоа

прифаќајќи го овој предлог за донесување со Предлог на закон. Инаку, еве вака, ради одредени сознанија за што конкретно се работи околу прифаќањето или неприфаќањето на овој закон. Јас ќе ги спомнам само неколку членови кои што е веќе илузорно да постојат во овој закон, па меѓу другото и членот 57 кој се однесува на Советот кој што брои 25 членови кои ги именува Собранието на Република Македонија, 5 членови, Републичка- та конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија 5 членови, Советот на Сојузот на синдикати на Македонија 2 члена, Сојузот на здружението на борците од НОВ на Македонија 1 член,    7

Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија 2 члена, Републичката самоуправна интересна заедница за физичка култура 2 члена, Републичка самоуправна интересна заедница за социјална заштита 2 члена, Републичка конференција на социјално- хуманитарните дејности на Македонија 1 член и има уште неколку такви наброени во овој закон. Тие се меѓу другото членови кои што се, тоа е член како што реков 57, меѓу другото тоа е член кој што се брише овој закон, и најмногу ѕе поради ,тоа што Уставниот суд ги укина . .. . сите тие голем дел на членови кој што го регулира тоа, и излегува дека фактички средствата кој што се над добивката не можат на никаков начин да се делат. Па спрема тоа,и ако сметам и јас лично дека нов закон за целосно регулирање на игрите на среќа е што понеопходен и што побрзо треба да се донесе,како меѓу другото и полно други закони.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**: (Продолжение)

Но, во моментот добро е да се прифати и овој закон, со тоа што ќе се коригираат одредени членови од овој закон кои во моментот навистина е неиздржливо да стојат во овој закон и да ја регулираат оваа област.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас ги разбирам и претставниците на Владата и оние кои го оправдуваат предлогот за донесување на овој закон. Меѓутоа, исто така ги разбирам и противниците овој закон да се донесе. Ќе кажам свое видување зошто ги разбирам ш;едните и другите.

Владата поаѓајќи од уставното задолжение да се забранува поттикнување или заштита на одредени групации оди да го даде овој закон да се донесе од една страна и од друга страна да се надмине неизбежната положба околу организацијата на Лотарија на Македонија. Меѓутоа другата страна која вели дека не може ова вака да биде, треба да биде со закон целосно решено, има свои аргументи дека вака тоа не треба да се решава туку со еден закон. Што значи, едни бараат принцип, другите да се заштитат дека работат.

Дека ова е вака, јас ќе појдам од денот кога овој предлог на закон во Владата бил изработен некаде во април оваа година, меѓутоа, во Собранието е дојден на 19 мај оваа година. Од 19 мај па наваму како ми е познато, ова е 4-та седница. Значи, овој закон не нашол место на ниедна седница до сега да дојде. Токму и ова е моето реагирање на една недоследна работа во Собранието, односно кај нас пратениците. Ако се одеше по ред, значи овој закон немаше сега да чека и да се прашува

министерот кога сте вие готови да ни донесете конкретен закон, кога ќе се реши оваа работа. Министерот да дава 2 месеци. Чекал да дојде овој ден. Меѓутоа, ако министерот односно Министерството односно Владата имал за намера да даде нов закон, што е заклучок на едно работно тело од порано, тогаш откако во април решавале до сега 100 пати имале на располагаше тој текст да се изработи и да се направи. Јас не гледам што треба и која фаза за изготвуваше на цел закон и на предлог за изменување и дополнување. Нема никаква потреба. Меѓутоа, што гледам?

Владата, што ја поддржува коалицијата, за да докаже дека работи, ќе ни дава вакви крпеници, ќе се задоволува, ќе се задоволува преку своите претставници дека еве ние сме готови, на Собранието му предлагаме 100, 120, 110, 90 или 30 закони, Собранието не работи. Ние прифаќаме таква игра, бираме виновници, затоа што ни се доставуваат вакви закони и тој што не работи станува дека е исправен. Господа од Влада, или' работете или вакви крпеници ^ повеќе не ни доставувајте. Тоа е од страна на оној кој предлага. Со мнението на оние што не треба да се прифати овој закон е оправдување токму поради ова неработење на Владата. Владата се навикна се што ќе предложи да се повикува на одредницата на член 316 од Деловникот. Не е обемен, не треба големи работи, ништо, одиме по таа постапка да се донесе. Таа Влада што предлага закон да се донесе по ваква постапка, сфатете господа, 5. месеци не поставила проблем што е со нејзиниот предлог до сега да не се стави на дневен ред, а Собранието кое е во коалиција практично ја поддржува таа Влада и претседателот прави (некој пратеник дофрла од место). Јас господа кога излегувам да говорам за некој проект имам

право  во начелната дискусија да говорам и за организација и за предлозите и за се. Кому не му се слуша - еве на некои наши не им се слуша па се надвор од седницата. Ако и на вас не ви се слуша, повелете и вие.

Сакам да кажам дека претставителите на оние кои не сакаат да се донесе овој закон се плашат оваа практика да не се претвори во навика, а опасноста во животот е од навиката. Од навиките тешко се одвикнуваме. И поради тоа јас за овој закон како решение и уставни задолженија сметам дека треба практично да оди. Меѓутоа, што ќе се постигне со вакво одлучуваше? Само единствената одлука оние кои имаат двојно финансирање и од Буџетот и од приходите на лотаријата ќе се упатат само на едно користење, а не овде места. Тоа е едната страна. Другата страна: дали сега навистина како што говореше пратеникот Тодор Петров, со државниот капитал ова е државна лотарија, со државниот капитал ќе се оди на некоја друга организација која може веднаш утре да биде АД. Стравувањата ги гледам токму од таа страна, па сум некако скептик на ваквите парцијални решенија да се оди и да се упропастува содржината, да се упропастува капиталот. А оние кои се сомневаат овде, дека ќе се злоупотреби, ќе се даде дозвола на еден или друг, тие законски злоупотреби од страна на човечкиот дел биле, се, и ќе останат. Кој може тоа да го реши ќе отиде во идеално општество. Затоа постојат и закони кои говорат за одговорност на носителите на такви функции.

По однос на содржината на законот, јас говорам и навистина овде се одело набрзина. Господата предлагачи не сакале, а тоа е Владата, да погледне дека не постои Секретаријат за финансии  во општина. Имате

амандман, ќе прифатам ако е така.

Уште една работа за да не би се јавувал повторно. Во предлогот и во образложението никаде не стои зошто предлагачот кога нуди измена на член 60 текстуална содржински од постојните 15% минува на 30%, што е апсолутно голем износ. Која била намерата, каде биле насочени овие средства, зошто биле, не гледам од образложението ниту можам да дадам свое мислење, односно немам суд и затоа оставам право ако претставникот на Владата даде образложение, ако не бидам задоволен повторно да говорам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Комисијата за труд и социјална политика исто така го разгледуваше овој предлог за донесување на:;закон со предлог на закон и морам да кажам дека самата Комисија по својата надлежност се задржа на претходниот закон, посебно на членот 61 во кој се регулирани односите односно корисниците на средствата кои се добиваат по пат на лотарија или игри на среќа.

Инаку, морам да потенцирам дека Комисијата не е матична комисија според овој закон, затоа што матичноста се пренесе на претходната комисија, односно на Комисијата за финансирање и буџет, а ЗПК најверојатно го има гледано правниот и уставниот аспект. Комисијата за труд и социјална политика кога го прифати решението од правниот аспект, го имаше предвид извештајот на ЗПК, а тоа значи во самиот извештај таму се потенцираше дека со новиот закон за

претпријатија се менува статусот на лотарија, од посебен општествен интерес во едно претпријатие општествено претпријатие, а во тој дел се менува и статусот на Советот кој врши распределба на средствата.

Вториот аспект од ЗПК кој го имавме предвид и од другата комисија беше членството во Советот, практично императивно, со менување на статусот на лотарија како општествено претпријатие и со укинување на субјектите кои учествуваат во Советот, доаѓа предвид и оваа измена и дополнување што се врши во самиот закон. Меѓутоа, главна забелешка на Комисијата за труд и социјална политика беше дека членот 61 не се трансформира односно не се поместува во новиот закон односно Законот за изменување и дополнување. Не случајно сите членови а посебно корисниците на овие средства, имаат допис до Комисијата за труд и социјална политика и апелираат децидно, можеби императивно - правно логички е дека се прифаќа финансирањето на овие корисници, заради тоа што во Законот за изменување и дополнување никаде тоа не се поставува, останува старото решение, меѓутоа, корисниците бараат имплицитно тоа да се смести и во Предлогот за изменување и дополнување на Законот. Во таа смисла Комисијата за труд и социјална политика направи предлог на амандман во член 7 став 2 да дојде предвид пренесување на сите корисници на овие средства што беа користени од страна на лотаријата односно Советот, да бидат користени и од самиот буџет.

Инаку, и основна забелешка беше на Комисијата за труд и социјална политика, Министерството за финансии, кое во случај нас прифаќаше на законот ќе ги добие сите ингеренции, е потребно да не изостави ниту еден од субјектите околу нивното финансирање и да не ја

доведе во прашање нивната организација и нивните активности за понатаму, со краен заклучок Министерството за финансии во најкраток рок да ни предложи нов концепт на ваков закон, така што ингеренциите на нашата Комисија и извештајот што го имате добиено исклучиво се однесуваат на член 7 став 2, односно на член 61 од претходниот закон - вметнуваше на корисниците на средствата што се собираат од Законот за лотарија.

Инаку, во начело го прифативме и предлогот за донесување на закон и донесувањето на закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Колеги пратеници, примете мое извинување што по втор пат се јавувам на говорница по ова прашање, но навистина ми е несфатливо да расправаме за некои одредби од постојниот .закон, кој што се.-навистина неодржливи, а тоа истото сме го констатирале како Собрание 1991 година, па во јуни месец 1992 година, па оваа година исто така во јуни месец. Не мие јасно како не можеше за 2 години да се изготви еден предлог кој што ќе биде издржан, кој целосно ќе ја регулира оваа-проблематика, а не е едноставна проблематиката. Од самите дискусии може да се забележи дека навистина има проблеми во оваа сфера, и покрај сите дискусии што зборуваат во корист на тоа дека треба да пристапиме, усвојувајќи ги овие измени сега, јас сум длабоко убеден дека ќе направиме катастрофална грешка доколку не останеме на оние 3 заклучоци што сме ги имале како Собранието до сега, да се изготви

целосен нов текст на закон кој ќе ја регулира оваа проблематика. Само тогаш нема да погрешиме, а ние веќе грешиме за тоа - составот на одборот, и 1991 година постоеше тоа дека составот на одборот е од овие и оние претставници, Социјалистички сојуз и т.н., па ништо не ми пречеше. ДА не избрзаме сега, за месец дена да направиме поголеми грешки.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Владата најави дека во наредниот период ќе предложи сериозен законски проект по ова прашање. Таа и сама признава дека е ова е импровизација. Со донесување на вака предложениот закон оценувам дека ќе се поддржува анархијата, односно сивата економија. Индикативно е кој го поддржува денес овој законски проект. Тоа се оние политички претставници на одделна структура односно популација, која меѓу другото покажува константна економска нелојалност спрема оваа држава.

Затоа, предлагам Владата законот да го повлече или пратениците да не го прифатат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Излегов само да одговорам на конкретното прашање на Томислав Стојановски дека изменувањето на стапката има врска со тоа, до сега

биле обврзници на данок на промет, тоа го укинуваме целосно, само 30% зголемуваме да плаќаат од доходот што го остваруваат. Од сега тоа не го наплатуваат, туку само ова и затоа го предлагаме ова зголемување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас го разбирам образложението, меѓутоа, тие пари сега одат во Буџет. Порано каде оделе па да се плаќа данок на промет. Може ли истиот основ да има две решенија?'И тогаш оделе , во Буџет, и сега одат во буџет, а има поголема стапка од 15%. Тоа е проблемот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници бидејќи разговараме за потребата за донесување на овој закон, јас го изнесувам само своето мислење.

Во принцип сум да ги почитуваме конкретно заклучоците што ги донесува ова Собранието. Ако по повод извештајот за работа на лотарија за изминатата година оваа година ова Собранието донесе заклучок да се изготви еден закон, кој комплементарно ќе ги уредува односите во оваа сфера, јас сум за тоа односите да ги почитуваме.

Второ, бидејќи е многу чувствителна област, која имплицира многу негативни шпекулации и во пракса во спроведувањето на законот, кога се има предвид законот за трансформација на капиталот и можноста дискреционо право на Комисијата во Министерството за финансии да одлучува за определени работи....

VIII/1 ДВ/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Мислам дека би било добро по темелно да се согледаат овие односи, да ги видиме искуствата какви се во многу земји кои ги уредуваат односите во оваа специфична област на многу специфичен начин и тогаш да излеземе како Предлог на закон, можеме да го носиме и по скратена постапка и тогаш да расправаме за него. Мислам дека тоа ќе биде мотив за Владата побрзо да седнат на проектот да работата доколку сега да носиме кратки измени кои може да имаат штетни импликации , а после тоа можеби да се отворат нови расправи.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас воопшто не се каам што можеби кога сум бил на седница на Комисија сме гласале така како што сме гласале, меѓутоа, со дополнително согледување сме увиделе дека навистина,Предлогот на законот е неодржив. Еве зошто?

Под приходите на игрите на среќа според членот 61, досега што ги остваруваше Лотарија на Македонија е утврдена распределбата на средствата. Тие се делат на добивки за вршење на дејноста за финансирање на социјална, хуманитарна дејноста, за учество во финансирање на меѓународни спортски приредби итн. Членот 62 исто така средствата распоредени за намената на овој закон се утврдуваат во зависност од видот, обемот, според Годишна програма што се утврдува во Советот. Членот 63, средствата распределени по основни намени се пренесуваат на субјектите кои користат тие средства наведени по видот на намената на средствата од членот 61. Сега заради тоа што можеби Лотарија била монополска организација, ние со членот 8 велиме членовите 61,62 и 63 се бришат. Значи обврската на монополски

остварените средства по однос приредуваше игри на среќа се остава како интерно право на перерегистрираното општествено претпријатие, Лотарија на Македонија. Затоа сметам дека не може на таков начин со еден член 8, со еден член 6 да се откажеме од сопственичките и основачките права на Лотарија на Македонија, не можеме да се откажеме од намената и видот на средствата кои монополски во голем обем се остваруваат во оваа организација монополски организирана и основана од државата заради тоа што тоа го дозволувале псотоечките законски и уставни решенија, надвор од ова што сега со Уставот на Македонија е пропишана рамноправност на сите субјекти. Токму од тие причини сметаме дека законот не треба така едноставно со едно обично гласање да помине во собраниска процедура, да се донесе системски во една поцелосна форма,да бидат регулирани сите односи од областа на приредување игри на среќа и забавни игри на автомати. Затоа сметам дека овој предлог за донесување на закон не треба да се усвои сега. Ако Владата мисли да го повлече уште подобро, меѓутоа дека е потребно да се испочитува од страна на Владата заклучокот што не еднаш туку повеќе пати во 1991, 1992 и 1993 година при усвојувањето на Извештајот на Лотарија на Македонија ова Собрание го донел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ме мотивира да излезам повторно затоа што и одделни учесници во дебатата се повторуваа со истите аргументи повторно па поминува време и се заборава она што беше речено.

VIII/3.-

Владата го почитува заклучокот и овде изјавува каков закон ќе понуди. Владата работела досега, а се создава впечаток кога се спомнува зошто од мај досега се одолговлекува, како да друга работа Владата и Министерството кога ги подготвува законите од оваа област, немале и како да Парламентот не знае кои се закони дошле досега пред Собрание од оваа област.

Изјавувам дека ние не сме му дале предност на законот за игри на среќа пред законите за даночниот систем, за даночната администрација за девизниот закон, за законот аз банките, за законот за осигурување и подзаконските акти што треба да се подготвуваат , а кои ги има стотици. Владата интензивно работи на тоа.

Ако денеска ни е на дневен ред законот за игри на среќа ние не можеме да зборуваме дека од донесувањето на последниот заклучок досега ништо не се работело, па еве и законот аз игри на среќа не е доставен. Изјавувам дека се работело на тој закон, се работи и тој наскоро од Владата ќе биде исрпатен во Собрание. Меѓутоа тврдам нешто овде што Вие го знаете, а тоа е и денес да дојде тој закон овде исто така немаме гаранција дека тој ќе биде донесен по итна постапка или нема да биде донесен во мај, април 1994 година, бидејќи е создаден правен вакум, Уставниот суд на Македонија има укинато одлуки кои ги доведуваат одреден субјект во монополска положба, а тој субјект со ништо со овој закон не се става во нерамноправна положба , евентуално некој друг субјект што ќе се занимава. Со ова јас не гледам причина овој закон да не биде сега донесен. Никаква друга причина нема туку овој закон да се донесе, а да се прифати заклучокот интензивно да се работи и другиот закон да биде донесен, а се согласувам дека тој другиот закон

навистина треба да биде сосема целосно системски и да се решат сите дилеми. Меѓутоа одлагањето на оваа состојба што е сега одговара само на еден субјект во оваа држава и тие што се против донесувањето на овој закон кои сега ги имаат интересите на тој субјект, а јас немам ничии интереси и Владата треба што е можно побрзо да заведе еден релативен ред, што рече господинот Стојановски тешко да очекуваме се да биде идеално во оваа ситуација што е сега создадена. Не гледам никаква причина од одлагање на донесување на овој закон, независно од тоа што ја прифаќаме обврска- та да се донесе друг закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам повикајте ги пратениците нека влезат во салата.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието, го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за игрите на среќа и забавните игри на автомати.

Кој е за молам да крене рака? (40)

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (24)

Има збор господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас уште пред гласањето подигнав рака, барав збор но Вие не ме забележавте. Барав процедурално, не реагиравте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете, кажете што имате.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Изразувам сомневање во гласањето .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, постапката за гласање не е довршена.

Дали има 10 пратеници кои се согласуваат со предлогот на господинот Голубовски.

Констатирам дека има 10 пратеници.

- Го молам секретарот на Собранието да излезе на говорница и да извршиме поединечно гласање.

Секретарот на Собранието излегува на говорница и врши прозивка на пратениците за поединечно гласање.

VIII/6.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | против |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | не е тука |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | не е тука |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | воздржан |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | не е тука |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | не е тука |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕ СКИ | не е тука |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | против |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | не е тука |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | воздржан |
| 60. ПАНЧС МИНОВ | против |
| 61, КПАПИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

VIII/4.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | против |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | против |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | за |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | за |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | за |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | Не е тука |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 37. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛЌОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | против |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | не е тука |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | за |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласање 65 пратеници.

Од нив 35 пратеници гласале за19 пратеници гласале против а 11 пратеници се воздржале од гласањето.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Одиме понатаму.

Минуваме на **точката 32** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за данокот на промет на недвижности и права со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџети ЗПК и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Комисијата за финансирање и буџет не го поддржа предлогот за донесување на овој закон и предлага Собранието да го одбие предлогот за донесување на овој закон, бидејќи со овие решенија граѓаните кои заменуваат станови, и деловни простории се ставаат нееднаква положба.

Исто така, Законот за даноците на имот, кој е во процедура во Собранието го регулира ова прашање.

Молам, кој бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас не знам дали ќе можеме да расправаме по овој предлог на овој закон затоа што предлагачот не е присутен. Според тоа, сметам дека постои процедурална пречка да можеме да работиме по овој предлог.

Симнување од дневен ред предвидува и работа по тој предлог, па дури тогаш. Ако се одлучиме да работиме има две варијанти да се симне од дневен ред, да се расправа по него и да се

Според тоа има процедурална пречка дали ќе работиме без предлагач или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална пречка нема, бидејќи предлагачот господинот Горѓи Котевски пратеник во овој Парламент е уредно поканет за седницата како и сите други, известен е и требал да биде тука. Ниту најавил отсуство.

Дали некој бара збор?

Тој не побара да не се расправа по законот. Тоа е негово право.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на, Законот за изменување на законот за данокот на промет на недвижности и права.

Кој е за, молам да крене рака ?(5 пратеници)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на **точката 33** - Предлог на закон за рибарство.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за заштита на човековата околина и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Вам ви е познато дека една од темелните вредности на новиот устав на РМ е и уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштита и унапредување на животната средина, на природата. Во контекстот на тоа сите субјекти се должни да ја унапредуваат и штитат животната средина и природата.

Токму од тој аспект Комисијата за заштита на човековата околина на Собранието на Република Македонија разгледувајќи го предлогот на законот за рибарство поднесе 14 амандмани се со цел законскиот текст да биде подобрен и збогатен со содржини што значат заштита и унапредување на животната средина и на природата. Впрочем уште во фазата на нацртот на законот беа дадени одредени забелешки што Собранието ги усвои и предлагачот на законот да ги има предвид при конструкцијата на предлогот на законот. Исто така Комисијата се заложи со овој закон да се уредува и користењето и заштитата на водените еко системи, потоа под заштита на рибниот фонд да се опфати и одржувањето на биолошката и еколошката рамнотежа на рибниот фонд да ја врши Република а не одделни корисници и риболовните подрачја да претставуваат посебен воден еко систем со сите биолошки вредности.

Комисијата даде посебна улога на хидро биолошкиот завод од Охрид за вршење на работи за подмладување на рибен подмладок. Потоа укажа дека средствата добиени од користењето на рибниот фонд риболовните ревири да се користат за организација на мониторинг системот на водите.

Исто така корисниците на рибниот фонд треба да плаќаат зголемен надомест за стопански риболов на отворени води, на акумулациите и националните паркови и за спортски риболов, а на она што е битно е дека од спортски риболов на природните езера 90% од приливот на средствата да оди како прилог на РМ со посебна намена за хидробиолошки истражувања на езерото и воспоставување на мониторинг систем, се со цел на нивно рационално користење и заштита

Исто така користењето на рибниот фонд да се врши во согласност со обврските на Републиката спрема УНЕСКО што произлегува од вклучување на езерата на списокот на природните наследства.

Почитувани пратеници тоа се само дел од укажувањата на Комисијата преточени во амандмани што за жал претставникот на Владата на РМ не ги прифати, со тенденција да не се вршат измени во законскиот текст. Се оценува дека ваквиот став не оди во прилог на почитување на уставните определби, за тоа што како темелна вредност се јавува и заштита и унапредување на животната средина и на природата, а со предложените амандмани токму тоа се чини и не може да се зборува за рибарство и риби а да не се почитува целиот еко систем што заедно претставува една еколошка средина.

Од таму, дозволете ми да ве замолам да ги прифатите амандманите поднесени од Комисијата за заштита на човековата околина на Предлогот на законот за рибарството. Вашиот позитивен став ќе значи и афирмација и интернационализација на проблемите за заштита и унапредувањето на животната средина и природата. "

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ко- мисијата за земјоделство и шумарство го разгледа Предлогот на овој закон и констатира дека има потреба од негово донесување.

Ова Собрание расправаше по нацртот на овој закон, а исто така и работните тела на ова Собрание и дадоа свои забелешки и предлози. По нацртот расправаа и имаа свои забелешки и предлози и претпријатијата што се занимаваат со риболов, спортските риболовни друштва, а тука беа вклучени и стручните научни работници.

Некои предложи и забелешки што беа прифатливи без да се измени концептот на законот беа прифатени и вградени во законот а некои и не можеа да се в градат поради тоа што не се вклопуваа во оваа концепција на закон.

Инаку, материјата што се регулира со овој закон е доста обемна и сложена и со преминувањето од претходниот општествено економски систем во новите сегашни услови на стопанисување во кои треба да се

одвиваат активностите од областа на рибарството, Комисијата смета дека со понудените решенија нормативно се уредува заштитата на рибниот фонд, користењето на рибниот фонд како и управувањето со риболовните води. Со овој закон се регулира оваа материја затоа што со рибниот фонд од отворените води претставува природно богатство и е добро од општ интерес за Републиката и ужива посебна заштита

Со оградувањето на повеќето ставови и мислења во одредените членови кои беа во нацртот претрпеа квалитативни промени а со кои предлогот на законот го прават стручно издржано и спроведлив во сегашните општествено економски услови. Дилеми по нацртот постоеја и беа истакнати и тоа: кои се отворени води а кои затворени и нивниот начин на користење кафезниот начин на одгледување на риби постоењето на риболовни под подрачја, услови за стопанисување односно минимум опрема за хидролошки ихтиолошки анализи, стопанисување со рибниот фонд во подрачјето на националните паркови, надоместокот што го плаќаат корисниците, учество на малолетници за спортски риболов, заштитата на автохтоните риби и внесување нови популации, изготвување на повеќе годишни планови за заштита и одгледување на рибниот фонд итн.

Комисијата смета дека со понудените решенија што се нудат со Законот за рибарство а и со предложените амандмани на Комисијата, законот ќе одговори на потребата и затоа му предлагам на Собранието да го разгледа и го усвои овој закон.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Вниманието,,односно невниманието со кое што се следи излагањето на оваа материја односно елаборацијата на оваа материја зборува дека не само Министерството нема интерес, туку нема интерес и меѓу колегите пратеници да се донесе закон во кој што нашата Комисија предлага да се вградат и посебни елементи од еколошка гледна точка.

Така што воопшто не ни е јасен односон на ресорното министерство за сообраќај и градежништво и веќе заборавената екологија кога е во прашање закон за рибарство, во конкретниов случај, а и пошироко кога е во прашање материја што ја третира комисијата за заштита на животната средина. Дали е во прашање немање слух за залагањето на Комисијата или пак недоволна упатеност, во секој случај постои еден потценувајќи однос што за овие години не можев да сфатам дали е од Комисијата или поради проблематиката што ја разгледува таа. И тоа во време кога имаме тенденција на целосна дехуманизација на просторот на РМ.

Дека е тоа така и поконкретно, од 14 амандмани, како што нагласи претседателот на Комисијата за екологија, поднесени од оваа Комисија, од претставникот на Министерството не е прифатен ниту еден иако некој од нив немаа за цел да менуваат ниту концептот ниту содржината на законот, туку само да го подобрат текстот на законот.

Јас ќе наведам и пример. На пример Комисијата предлага, поимот "водна средина" да се замени со "водено еко-систем" затоа што така се вика. Така вели науката, со што се осовременува текстот на законот и ако се сака да се знае дека овој закон не е донесен во минатиот век. Но, за министерството и тоа не е прифатливо.

За што станува збор, ќе се види најдобро кога ќе расправаме по амандманите што се поднесени. Заради таквиот однос на Министерството кон проблемите со екологијата мислам дека е најдобро сепак да се покрене иницијатива за одвојување на посебно министерство по екологија што навистина ќе знае што сака да постигне на просторот на РМ кога се работи за областа на екологијата. Дури не се направи тоа потребно е сегашното министерство со најдолго име и надлежност кадровски да се екипира и да почне да функционира. Затоа што не ни е

во катастрофална состојба само стопанството, земјоделието и др. што со одредени интервенции може и да се подобри, но екологијата,тоа скоро и

IX/7

да не може да се направи.

Јас знам дека ова не е расправа по текстот на законот, меѓутоа, веројатно затоа што кога ќе дојде текстот на законот ќе имаме ист однос, сега е малку подобрен. Јас само ќе наведам уште два или три примери.

Во членот 1 вели "комисијата предлага после точката да се додаде и заштита на водените еко-системи". Тоа, дали не може да се прифати затоа што е нејасно што е или не може да се прифати затоа што е модерен израз, не: ми е јасно.

Или, во амандманот 6, во членот 6 се вели да се бришат зборовите "одгледување како и " во езерата кој ги одгледува рибите и како ги одгледува и тоа не ми е јасно, затоа што се знае дека ако се создаде биолошка рамнотежа тие сами се одгледуваат, односно не се само рибите во прашање во тој еко систем.

Во амандманот 4 на членот 10 се вели: после зборот "биолошка" , се внесува и зборот "еколошка" . Кому тоа пречи? Тоа не ми е јасно. Или , она што веќе го реков во амандманот б на член 13 се вели "водната средина" да се замени со "воден еко-систем"

Благодарам немам коментар.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНО§СКИ:**

Се работи за начелна работа. Господа, овој закон по својата конструкција на крајот што е нормално завршува со казнени одредби што се пред преодните и завршните одредби. Сметам дека на овој закон не му е место да се расправа на денешната седница. Причини за тоа што на утрешната 66-та седница, утврден дневен ред, е расправање за измена и дополнување на Законот за прекршоци и Законот за стопанските

престапи. Кога работевте во петокот односно кога работеше ова Собрание, се извинувам повеќе законски предлози беа за измена на

IX/8

казните. Секогаш позицијата говори за некаква си продуктивност на работата во Собранието. Ова е школски пример за непродуктивност на работата на Собранието.

Непродуктивноста се состои во тоа што има утврден дневен ред, има седница која има определен дневен ред со менување на системскиот закон од што зависат сите други закони што беа разгледувани на оваа 67 седница. Сега се прашувам каква ќе биде прдукцијата ако утре тие закони се усвојат проминат и сега имаме донесени закони на 4 или 5 дена, или ако овој закон мине денеска на денешен ден а утре веќе имаме закон 'со што се налага негова измена.

Гледате ли како не се размислува што се чини. Ако беше само за тоа да имаме број на седници, јас прифаќам да се работи. Но ако имаме седници на кои ќе имаме продукција, да не работиме поради наше недоразбирање да работиме повторно за иста работа, тогаш јас би предложил за овој закон да не се расправа денеска.

X/1.-ПЈ/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас би сочекал да се заврши 66-та седница и од тоа ќе за- виси оваа одредба. За друго не би сакал да разговарам.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека неспорна е потребата за донесување на законот, бидејќи таа или тој заклучок ние го имаме донесено уште во делот на претходната фаза. Законот се наоѓа во последна фаза и сметам дека би требало и во делот на општиот претрес да ги искажеме нашите мислења по однос на она што било како забелешка во делот на предлогот за донесување на законот и дали истите се вградени во делот на законот што сега е како Предлог-закон пред Собранието.

Законот за рибарство сметам дека е еден од законите, кој ќе следи и во наредната фаза, односно наредно размислување, посебно во делот на спроведувањето на општите услови за давање на општите добра во концесија. Бидејќи законот како Предлог-закон е уште во месец мај предложен пред Собранието сметам дека доволно не се водело сметка во делот на обврските што ќе произлезат, можеби и навиките во делот на користењето на тие општи добра како природно богатство. Ако имавме некоја слабост, мислам дека во оваа сфера ни беше најголемата наша слабост, иако имавме доста примери, сега конкретно кога зборуваме за Законот за рибарство, во одредени, па и поранешни бивши југословенски републики да видиме како и на кој начин се спроведуваат обврските во делот на користењето на отворените води и какви се заштитни мерки има во делот на тие обврски.

Во самиот закон, посебно во Глава III во делот на користењето на рибниот фонд утврдени се само основните услови за користење, а

позитивно е тоа што сепак се нуди една фаза, односно една можност по пат на конкурс да се добијат тие права односно таа можност за

X/2.-

користење на тој рибен фонд. Сметам дека во оваа фаза ние не би требало да се впуштаме во тоа да ги менуваме делот на одредбите во користењето на рибниот фонд, иако тоа ќе се подразбере штом ќе се донесе законот за давање односно посебниот закон за концесија и тогаш сигурно ќе мора и посебните услови за давање на концесија да се прецизираат и во оваа област.

Непосредна врска во делот на Законот за концесии има во Глава VII каде што е инспекцискиот надзор, каде што на одреден начин се набројуваат условите и надзорот, кој што поаѓа од користењето на концесијата. Ако се погледне Глава VII, ќе се види дека обврската за заштитата во оваа област е исклучиво на државата, а како концесии во возврат за надоместок, во член 21 се квантифицирани одредени минимални стапки, кои што како обврска им се на оние што го користат рибниот фонд. Сметам дека би требало да се поддржат амандманите што се на Комисијата за екологија, бидејќи во тој кон- текст и јас имам предложено амандмани, заради тоа што на одреден начин би се обезбедиле материјални услови за донекаде да се уредат односите во заштитата на рибниот фонд. Инаку, ова што е предложено во член 21 мислам дека е недоволно и недоволни стапки се за обезбедување на такви средства што ќе бидат наменети во делот на вршење на надзорот и користењето на рибниот фонд. Кога ќе дојде расправата по амандманот јас ќе се јавам повторно и ќе искажам одредени свои забелешки во делот на потребата од прифаќање на амандманите. Само да кажам дека амандманот што јас го поднесов како член 21 на одреден начин е односно се совпаѓа со амандманот на Комисијата за екологија. Во едно не се совпаѓа, со тоа би се сложил јас, доколку Собранието го прифати, средствата кои што ќе се плаќаат со зголемени стапки, да

бидат приход на општинскиот буџет и во мојот амандман, а инаку во самото решение на Законот е тие да бидат приход на Републичкиот буџет.

Х/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Сакам да говорам по текстот. Кога ќе дојде редот, тогаш ќе излезам на говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

ГОСПОДИН ЏАМБАЗОВСКИ,
ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ЗЕМ-
ЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И
ВОДОСТОПАНСТВО

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас нема да зборувам по амандманите, само ќе наведам едно. Овој закон регулира користење и управување и заштита на рибниот фонд во Републиката, така што не ја регулира темата за екологија. Темата за екологија треба да се регулира во некој друг закон, кој што е закон за екологија, закон за води итн. И покрај тоа што ги имавме предвид сите амандмани од Комисијата, сметавме дека законот за екологија треба да се има закон за екологија, односно и во законот за води треба да се вметнат овие работи. Дали е тоа прифатено во една средина или воден еко систем. Водена средина е поширок поим. И затоа го предложивме водена средина, бидејќи водена средина го опфаќа и воден еко систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Манчевски.

X/4.-

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас се слагам дека не се работи за закон за екологија, меѓутоа се слагам дека кога се работи за закон за рибарство не можеме да ги гледаме само рибите исто како што не можеме да ги гледаме само дивечот кога се работи за закон за лов, туку мораме да ја гледаме и шумата, мораме да ги гледаме и пасиштата, па мораме да го гледаме и тој воден еко систем. Инаку, пошироко пример за водна средина е и када полна со вода.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 40 став 2, со кој Владата се согласила и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров,. „поднесе амандмани на член 19, став 1, член 20, став 2, и на член 53 став 1.

По однос на овие амандмани Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 19, член 2, член 20, став 2, и на член 53 став 1, и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандмани на член 14 став 2 и 3, член 16 став 5, за додавање нов член 16-а, потоа член 43 за додаваше два нови става и за заменување на зборот "член" со зборот "членот",

зборот "став" со зборот "ставот" и зборот "став" со зборот "ставовите". Одделни членови на текстот на предлогот на законот со кои не се согласува Владата на Република Македонија.

X/5.-

Комисијата за заштита на човековата околина поднесе амандмани на член 1, член 4, став 4 за бришење на алинеја 1, член 6, член 10, член 11 став 1 и 2, член 13 став 1, и член 14 став 1, член 16 став 1, за внесуваше нова алинеја 5.Член 19, став 1, и за внесување нов став 3. Член 21, став 1, алинеи 1,2,3 и 4, член 32, став 4, член 36, член 38, став 1, алинеја 3, член 41 за додавање нов став 1 и на член 46, точка 3 и 6 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Комисијата за земјоделство и шумарство поднесе амандмани за бришење на член 14, на членовите 12, 16, став 1, 20 став 2, 21 / став 1, алинеја 4, член 22, став 1, 2 и 3, член 25, став 1, член 27 став 1, член 27 став 1, член 28 став 2, член 30 став 2, член 32 став 1 и 3, член 33, став 2, член 34 став 1 и член 47 став 1, алинеја 1, член 53.став 1, точка 1 и 58 став 1, точка 1 и на член 32 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 член 16 став 1, алинеја 3, и на член 38 став 1 алинеја 1. Член 20 22 став 2, алинеја 1 и на член 60 став 1.

Пратениците Јован Манчевски и Ташко Киров поднесоа< амандмани на член 4 со кои Владата не се произнесла.

Пратеникот Петар Ѓорѓиев, поднесе амандман на член 21 по кој Владата не се произнела.

Ве молам, бидејќи сега минуваме по претрес на амандмани и треба да се гласа, молам да се повикаат сите пратеници да влезат во салата и да ги ги заземат местата за да можеме да минеме на работа

(Пратениците се собраа во салата и седнаа на своите места)

Можеме да продолжиме.

X/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 1,поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам,кој бара збор?

Господин Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Во член 1 на крајот од членот, точката се брише и се внесуваат зборовите: "и заштита на водените еко системи". Тоа е она што пред малку зборував дека водната средина е воден еко систем, така што дефиницијата не стои како што е. Значи, рибниот фонд односно со овој закон се уредува користењето, управувањето и заштитата на рибниот фонд во риболовните води и значи се додава заштита на водените еко системи." Тоа е во функција на следните амандмани кои што следуваат од Комисијата за заштита на човековата средина.

(Претседателот Андов го замени пртпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по * амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

26<пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од ЗПК. |

X/7.-

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата. Молам,претставникот на Владата да се произнесе.

Господинот Џамбазовски, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Амандманот од Законодавно - правната комисија Владата го прифаќа.

**ЏЕЈДАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи е прифатен немаме амандман по кој да раправаме. Отворам претрес по амандманот на член 4 став 4 за бришење на алинеја 1, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина. Молам, кој бара збор? Господинот Манчевски.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Овој амандман се однесува. токму на она што зборевме дека воден еко систем, е всушност симбиоза каде што се одгледуваат не само риби, туку каде што системот целосно делува. Затоа, се предлага во член 4, став 4, алинеја 1 да се брише каде што се зборува за кафезното одгледување и одгледувањето на риби во рибници, кои што не ги сметаме за еко систем, туку тоа е вештачка средина која што човекот е тој кој што создава услови за одгледување на рибите. Значи сето тоа е во континуитет, она што сакаше Комисијата во овој закон да го вгради како еко систем, што навистина не ми е јасно од кои причини се нема слух за ова работа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

X/8.-

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

За амандманот гласаа 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, став 4, за бришеше на алинеја 1 поднесен од Комисијата за заштита на;;човековата околина.

Молам, да провериме колку има присутни пратеници во Собранието.

Молам, да се повикаат пратениците кои излегоа од салата.

XI/1 ЛП/НД

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од пратеникот Јован Манчевски и Ташко Киров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи пред малку одговорив што значи водена средина и воден еко систем.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. 12 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4, поднесен од пратениците Јован Манчевски и Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот поп амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член б поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

XI/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

16 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот на член 11, став 1 и 2 под- несен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам, кој бара збор? '

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Ова е само да видите каква е логиката на ресорното министерство. Во член 11 се вели: "Заштита и унапредување на рибниот фонд во отворени води вршат корисниците". Комисијата предлага тоа да биде Републиката. Кој е тој волк што сам ќе си ги штити јагнињата?

Во вториот став исто така имаме "заштита и унапредување на рибниот фонд во затворени води вршат субјектите од член 9, став 2 на овој закон", а се предлага тоа да биде Републиката со посебна програма.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

XI/3.-

За амандманот гласаше 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11, став 1 и 2, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот на членовите 12, 16 став 1, г 20 став 2, 21 став 1 алинеја 4, 22 став 1, 2 и 3, 25 став 1, 27 став 1, 28 став 2, 30 став 2, 32 став 1 и 3, 33 став 2, 34 став 1, 47 став 1 алинеја 1, 53 став 1 точка 1 и 58 став 1 точка 1, поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**: (ПРОЦЕДУРАЛНО)

Почитувани пратеници, јас мислам дека процедурално тука треба да се даде едно појаснуваше заради тоа што сите овие амандмани строго се поврзани со член 14. Доколку се усвои член 14, амандманот на член 14 тогаш може да се расправа за овие работи. Во спротивно не може да се расправа и затоа предлагам најнапред да расправаме во амандманот 1 на Комисијата за земјоделство што се однесува на член 14, па потоа за ова, бидејќи ако помине амандманот 1, тогаш автоматски и овие амандмани се прифатени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, ја прифаќаме забелешката.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и член 14 став 1, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

XI/4.-

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за амандманот, молам да крене рака.

За амандманот гласаа 8 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1 и член 14 став 1, поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Отворам претрес по амандманот за бришеше на член 14 поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Амандманот Владата не го прифаќа, бидејќи во Законот е предвидено да постојат само во Охридското Езеро покрај подрачните, да постојат и две подподрачни единици. Ова го предлага Министерството, односно Владата бидејќи на ова езеро гравитираат две општи- ни, т.е. Струга и Охрид. Меѓутоа, за да се искористува рационално, односно да се одржува рибниот фонд се прави петгодишен план, од подподрачни единици прават петгодишен план кој под решенија на овластени институции го дава односно конкурира пред Министерството, односно пред Владата и се доделува на подподрачните единици. Поделбата на подподрачните единици ја врши Републичката геодетска управа, односно точно се знаат границите до каде е една- та а до каде другата подподрачна единица.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Мерсим Положани.

XI/5.-

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, во фаза на нацрт јас поднесов усмени амандмани на текстот во кои барав да се брише член 14 од Нацрт- законот кој беше поврзан со член 12, кој предвидува формирање на риболовни потподрачја. За среќа, Комисијата за шумарство имаше разбирање за овие забелешки и со свој амандман имаше предложено на Владата, односно на Парламентот да се извршат измени во оваа смисла што се брише член 14, а со тоа и член 12, член 16 став 1, член 20 итн.

За жал, Владата изгледа не ја сфатила сериозноста на овој амандман или можеби под влијание на некои локални интереси, мислам на охридските, овде езерото се дели вештачки на два дела, се поставуваат нови граници, покрај постојната и на тој начин се . нарушува еколошката, биолошката, хидролошката и географската цели- на на ова езеро.

Прво, би почнал со последново, географска целина. Зошто Заводот за геодетска управа, Републичкиот завод за геодетска управа да врши поделба на општините. Тие се еднаш поделени, има две ка тастарски општини, охридска и струшка, езерото претставува интегрален дел на територијалната целина на Републиката и не е поделено по катастарски општини. Кои се тие критериуми по кои сега ќе ги врши.

Зошто претставува еколошка целина не треба многу да се зборува. Езерото има своја флора и фауна. Познато е дека претежно западниот и

северозападниот дел од езерото е поплиткиот дел каде што обично се наоѓа богатиот дел од флората и фауната и плантонот на ова езеро од кои се прехранува односно храни рибниот фонд на езерото, кој пак сега задира исто така на биолошката целина на езерото.

XI/6.-

Посебно тука треба да се спомне фактот што на овој дел од езерото претежно се врши мрестење на рибите како што е крапот, кленот и другите видови кои доминираат во овој фонд на езерото.

Хидролошка целина исто така претставува и не може да се дели. Во прашање е еден базен, во прашање е едно од најстарите езера во Европа, низ кое минува Дрим и низ кое истекува Дрим, та- ка што многу е тешко да се врши делба на ова езеро.

Исто така, тука е многу важно да се напомнат и односите кои се создаваат со Законот за концесии, како тоа езеро ќе се даде на некого, кој ќе биде тој концесионер, тој што ќе биде заинтересиран да користи само дел од езерото, на пример струшкиот дел ка- де рибите се хранат, односно множат и се одржува таа врста и сите тие видови и делот во кој што рибите претежно се движат и каде се движат и се собира, а тоа е охридскиот дел.

XII/1 ДВ/ОМ

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

Јас апелирам до сите , да може да се држи само ако се стави некоја многу длабока мрежа која треба да се протега дури за 370 метри. Инаку не ќе може да се делат рибите. Затоа јас апелирам кон пратениците , овој амандман на Комисијата која многу стручно го има сфатено и предложено да се прифати, бидејќи се работи за една делба која задира во сите четири области кој ги спомнав: еколошката, биолошката, хидролошката и географ- ската. Тука не сакам посебно да спомнам какво ограничување се прави во однос на овие две општини кога се работи за слободниот пазар и претприемништвото повезано со Законот за концесија, кој можеби уште утре ќе се примени токму на ова езеро односно на неговите делови.

**ГАЗМЕН АЈДАРАГА:**

Ќе дадам уште неколку реченици во врска со тоа зошто Комисијата го предлага овој амандман.

Во својата работа уште од формирањето оваа Комисија често се соочува со барања на заинтересирани страни за давање односно сугерирање до Владата да може да стопанисуваат со одредени делови во други подрачја на езерата. Тоа беше една од причините зошто и така сметаше Комисијата да нема риболовни потподрачја. Такви барања сме

имале, тука е пратеникот Тодор Петров од селото Николиќ во Дојрани и заради тие проблеми ние настојуваме односно предложивме како Комисија членот 14 да отпадне, а со тоа отпаѓа и формирањето на риболовни подподрачја. Инаку ако е тоа тогаш треба да дозволиме да има риболовни подподрачја и на другите езера, бидејќи такви состојби

XII/2.-

имаме и на Преспанското езеро и на Дојранското езеро. Затоа молам да бидеме свесни да го прифатиме амандманот за бришење на член 14.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (40)

Ве молам да констатираме број на присутни пратеници. Во салата имаме присутни 57 пратеници.

Евидентно е дека немаме, кворум за гласање. Затоа гласањето ќе го повториме уште еднаш.

Молам да се повикаат пратениците кои беа во салата, а во меѓувреме ја напуштија.

(Пратениците влегуваат во сала и претседателот констатира дека има кворум)

Амандманот за бришење на член 14 поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство го ставам на гласање.

Молам кој е за нека крене рака? (41)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за бришење на член 14 поднесен од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Се враќаме на амандманот 2.

XII/3.-

Отворам претрес по амандманот на членовите 12, 16 став 1, 20 став 2, 21 став 1, алинеја 4, член 22 став 1,2 и 3, член 25 став 1, член 27 став 1,член 28 став 2, член 30 став 2, член 32 став 1 и 3, член 33 став 2, член 34 став 1, член 47 став 1, алинеја 1, член 53 став 1 точка 1 и член 58 став 1 точка 1, поднесени од Комисијата за земјоделство и шумарство.

Бидејќи овој амандман го враќаме назад да се одлучи по членот 14, па еве заменикот министер за земјоделие и шумарство, господинот Џамбазовски да ни објасни.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Со оглед дека се прифати првиот амандман, нормално се прифати и вториот бидејќи е врзан со првиот, само предлагам во вториот амандман покрај наброените членови да се внесе и член 49, а предложениот член 58 да се замени со членот 59 точка 1.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали Собранието го прифаќа ова, во функција за усогласување на членовите итн.

Бидејќи е прифатен амандманот немаме за што да расправаме.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 алинеја 3 и на член 38 став 1 алинеја 1 поднесен од Законодавно правната комисија. Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

XII/4.-

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи амандманот се прифаќа нема потреба за расправа. -

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1 за внесување нова алинеја 5 поднесен од Комисијата за заштита на човековата околина.

Еве известен сум дека амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 5 под- несен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Според предложеното решение на членот 16 од Предлогот на закон доколку по пат на јавен конкурс не се обезбеди заинтересиран субјект кој стопанисува со рибниот фонд на риболовното подрачје, Владата го издава на користење по пат на понуда, привремено додека не

се определи субјектот кој по основ на конкурс или на наредна понуда ќе се пријави со исполнување на условите наведени во членот 16. На овој начин терминот привремено не е дефиниран во Предлогот на законот член 16 и не појаснува децидно за колкаво време Владата може да го даде на привремено користење рибниот фонд односно за стопанисување доколку не го обезбеди тоа по пат на јавен конкурс или по пат на понуда. Имајќи го предвид тоа не дефинирање на членот 16 со предложениот амандман, предлагам во членот 16 точката 5 став 5, точката да се брише

XII/5.-

и да се замени со запирка и да се додадат зборовите "но најмногу за една година по што повторно се распишува јавен конкурс". На тој начин воопшто не се суспендира правото на Владата доколку по изминувањето на пери одот но најмногу за една година, доколку повторно се распише конкурс или се даде по пат на понуда, а не се јави заинтересиран субјект Владата привремено, но уште еднаш најмногу за година дена со субјектот кој во првиот пат го искористил тоа право да стопани- сува со рибниот фонд, да склучи договор за натамошно користење. На тој начин членот се дефинира и категоријата прецизно се утврдува дека ќе биде најмногу за година дена.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Џамбазовски, заменик министер за земјоделство и шумарство.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Владата не го прецизира односно не се согласува со најмногу до една година поради тоа што кај рибите постои биолошки циклус. Може да се случи кога ќе заврши годината, односно завршува договорот , може да се случи тогаш да е мрестење на рибата итн., да не може друг да се

вклучи во тој период. Можеби ќе треба година и месец дена, можеби ќе треба година и два месеца, можеби ќе треба девет месеци итн. Од овие причини за да може да се заокружува циклусот на производството на рибите, затоа не го ограничува точно да биде до една година. Тоа е причината не друго.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

XII/6.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (15)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16, став 5 односно на пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес за додавање нов член 16-а, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот се однесува на следното: После членот 16 да се додаде нов член 16-а кој ќе гласи "претпријатие и друго правно и физичко лице регистрирано за риболов не може да почне со вршење на дејноста доколку не поседува одобрение за тоа во согласност со одредбите на овој закон. На овој начин сметам дека се отстранува една празнина во законската регулатива. Имено се јавуваат правни субјекти кои се регистрираат во надлежните судови, во регистрите за вршење на дејност и по добивањето на регистрацијата се јавува проблемот дали истите можат да почнат да вршат дејност, стопанисување со

риболовниот фонд на риболовното подрачје или не. Од причини да се надмине овој недостаток односно празнина во законската регулатива, што значи независно дали некој ќе обезбеди регистрација, задруга за рибарство или претпријатие за рибарство, доколку не добие соодветно одобрение од надлежното министерство да не може да почне со вршење на дејноста. Од тие причини се предлага дополнување на нов член 16-а после членот 16 од Предлогот на законот.

XII/7.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот заменик министер Џамбазовски.

**ЏАМБАЗОВСКИ:**

Амандманот 3 не се прифаќа бидејќи од одредбите на член 16 од Предлогот на законот произлегува дека самиот факт што претпријатието е регистрирано за вршење дејност риболовство, не е доволно истото да започне со користење на рибниот фонд, туку е потребно да ги исполнува условите наведени во цитираната одредба, а потоа врз основа на оценката за исполнетост на тие услови истото / може да учествува во постапката за добивање концесија за вршење риболов, од што произлегува дека самиот договор за концесија претставува еден вид одобрение за претпријатието да може да ја врши дејноста во определен ториблон на вод

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам на гласање амандманот, да се преброиме колку има пратеници во салата.

Молам, службите да ни дадат точен број на пратеници.

(Бидејќи немаме кворум за гласање, ја прекинувам седницата и продолжуваме утре во 10,00 часот).

Утре ќе продолжиме по со Шеесет и седмата седница, а по завршувањето на оваа продолжуваме со Шеесет и шестата седница.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот) .